In partnership with

RÉPUBLIQUE FRANÇAISE
*Liberté Égalité Fraternité*

AFD AGENCE FRANÇAISE DE DÉVELOPPEMENT

EXPERTISE FRANCE GROUPE AFD

# Проценка на потребите за учество на јавноста во Општина Ресен: Приближување кон климатска и еколошка правда

# Извештај за проценка

## Северна Македонија

**Јуни 2025 година**

*Подготвено од:*
**Ана Петровска**, Локален експерт за јавно учество
**Кармен Булеј де Сантијаго**, Меѓународен експерт за учество на јавноста
**Ентела Пингули**,Раководител на тимот на Проектот за приближување кон климатска и еколошка правда

## СОДРЖИНА

1. РЕЗИМЕ ..... 4

2. ВОВЕД ..... 7

Цел и опсег ..... 8

Преглед на методологијата ..... 9

3. АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ ..... 11

Профили и улоги во екосистемот за јавно учество ..... 13

Клучни сознанија од интервјуата ..... 16

4. ПРОЦЕНКА НА ТЕКОВНИТЕ ПРАКТИКИ ..... 21

Статус на учеството на граѓаните во Ресен. ..... 21

Трендови и мотивации ..... 23

Студии на случај на успешно и неуспешно учество. ..... 26

Процеси со потенцијал за пилотирање на употребата на комплетот алатки за учество на јавноста ..... 33

5. ПРЕЧКИ ЗА УЧЕСТВО ..... 36

Системски, организациски и индивидуални предизвици ..... 36

6. МОЖНОСТИ И НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ ..... 39

Идентификувани стратегии и алатки за подобрување на учеството Erreur ! Signet non défini.

7. КРИТЕРИУМИ ЗА ДИЗАЈН НА АЛАТКИ ..... 46

Пристапност ..... 46

Практичност ..... 47

Алатки за мониторинг и евалуација ..... 47

Механизми за повратни информации ..... 47

Предвидена структура на комплетот алатки ..... 50

1. ПРЕПОРАКИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ ..... 54

Предложени процеси (на пр., ОВЖС, СОЖС или тековни проектни активности) . 54

Чекори за примена на комплетот алатки во избраните иницијативи. ..... 56

АНЕКСИ: ..... 58

Прашалници и интервјуа ..... 58

Дополнителни извештаи (резултати од SWOT анализа) ..... 58

**Список на учесници за интервјуата ........................................................................ 58**
**Список на учесници на состанокот за SWOT анализи .........** Erreur ! Signet non défini.

# 1. РЕЗИМЕ

Оваа проценка беше спроведена како дел од Проектот за приближување кон климатска и еколошка правда (Climate and Environmental Convergence - CEJ), кој има за цел да го зајакне управувањето со животната средина и партиципативната демократија низ целиот Западен Балкан, особено во Албанија и Северна Македонија. Проценката на потребите во Ресен детално ја оценува моменталната состојба на учеството на јавноста во донесувањето одлуки за животната средина и нуди препораки и алатки за подобрување на инклузивното вклучување на граѓаните во локалното управување.

Покрај идентификувањето на локалните потреби и можности, проценката директно ги поддржува напорите за пристапување кон ЕУ, преку усогласување со клучните одредници наведени во Поглавје 27 (Животна средина) и Поглавје 23 (Правосудство и фундаментални права). Таа придонесува за операционализација на директивите на ЕУ за учество на јавноста - вклучувајќи ја Директивата 2003/35/ЕЗ (рамка за учество на јавноста), Директивата 2011/92/ЕУ (Проценка на влијанието врз животната средина), Директивата 2001/42/ЕЗ (Стратегиска оцена на животната средина) и Директивата 2010/75/ЕУ (Индустриски емисии). Наодите од проценката и предложениот комплет алатки служат како практични инструменти за демонстрирање на усогласеност со стандардите на ЕУ за транспарентност, инклузивност и ангажирање на граѓаните.

**Преглед на методологијата**

Истражувањето примени квалитативни, партиципативни и дијагностички алатки во неколку фази:

- **Преглед на законската рамка за животна средина** и стратешки и плански документи, за да се разбере правниот и институционалниот контекст за учество на јавноста.
- **Интервјуа со засегнати страни** со претставници од општината, граѓански организации, национални институции, донаторски агенции, земјоделци и млади.
- **SWOT работилница** (30 мај 2025 година) анализа на силните страни, слабостите, можностите и заканите поврзани со граѓанското учество.
- **Работилница за валидација** (3 јули 2025 година) каде што засегнатите страни ги разгледаа наодите и предложија идеи за дизајнирање и пилотирање на комплетот алатки.

**Клучни наоди**

1. **Систем на јавно учество:** Иако законодавството за животна средина формално налага учество на граѓаните, механизмите за имплементација често остануваат ограничени по обем и претежно се спроведуваат одозгора надолу. Подинамични форми на ангажман најчесто се поттикнати од организации на граѓанското општество и неформални мрежи. Мотивацијата на граѓаните е зависна од обработуваните теми и најчесто се води од загриженост за егзистенцијата, здравјето или непосредните влијанија врз животната средина. Како резултат на тоа, нивото на учество има тенденција да варира во зависност од перципираната релевантност, итност и личните интереси поврзани со конкретното прашање/тема.
2. **Пречки за учество:** Системските предизвици вклучуваат слаба координација, политичко влијание и симболични консултации. Ангажманот е ограничен заради недоволни информации, економска несигурност и културни специфики - особено

на жените и младите. Медиумското известување е недоволно, а понекогаш и погрешно.
3. **Можности за подобрување:** Еколошките и појсажните вредности на Ресен, постојните партнерства и програмите финансирани од донатори нудат платформи за посуштинско ангажирање. Дигиталните алатки можат да го прошират досегот, особено кај младите и земјоделците. Успешните локални примери покажуваат дека структурираното, релевантно ангажирање овозможува поголем опфат на учеството на јавноста.

**Препораки**

Извештајот ги утврдува потребните активности за надминување на пречките и поттикнување на инклузивното управување:

**А. Транспарентна комуникација и градење доверба**

- Развивање комуникациска стратегија користење формални и неформални канали.
- Приоретизација на интерактивни формати, како што се работилници и посети на локалните заедници.

**Б. Инклузивно и континуирано ангажирање**

- Воспоставени механими за известување на кој начин се вградени ставовите на граѓаните.
- Проширен опфат на засегнати страни во СОЖС и ОВЖС процеси, со информации прилагодени на ранливите групи.

**В. Институционална поддршка и градење капацитети**

- Обучен општински персонал за комуникација со и вклучување на засегнатите страни.
- Промовиран континуитетот на лидерството и прекуграничната соработка.

**Г. Финансиска и логистичка поддршка**

- Обезбедено финансирање од национални, општински и донаторски извори.
- Поддржани се граѓанските организации и волонтерите со ресурси и стимулации.

**Е. Усогласување на еколошките и економските интереси**

- Јавното учество е поттикнато со опипливи придобивки (на пр. Субвенции за екотуризам, како и земјоделство отпорно на климатски промени).
- Поттикнати се јавно-приватни партнерства за заедничко управување.

**Тестирање и имплементација на комплет алатки**

Проценката идентификува четири пилот-можности за тестирање на комплетот алатки за учество на јавноста:

1. **План за управување со паркот на природа Езерани и Стратегиска оцена на влијанија врз животната средина (СОЖС)**– ангажман во рана фаза со висока релевантност за заедницата.
2. **Ажурирање на Локален еколошки акциски план (ЛЕАП - 2026)**– структурирано учество во циклус на планирање.

3. **Проекти за одржлива туристичка инфраструктура**– вклучување на заедницата во еколошки чувствителни проекти.
4. **Елборати за заштита на животна средина за туристички сместувачки капацитети**– консултации поддржани од комплетот алатки.

Тестирањето на комплетот алатки ќе вклучува прилагодени обрасци, јавни покани, информирање на засегнатите страни и структурирана евалуација на интеграцијата на повратни информации. Овие пилот-проекти ќе покажат како општините можат да ги исполнат критериумите за учество на ЕУ преку практично, инклузивно и транспарентно ангажирање.

**Резиме на клучните согледувања**

Проценката потврдува дека суштинското учество на јавноста е остварливо кога граѓаните се информирани, вклучени и ангажирани преку структурирани процеси. Претстојниот комплет алатки нуди единствена можност овие наоди да се применат во пракса, овозможувајќи ѝ на Општина Ресен да служи како регионален модел за партиципативно управување со животната средина - и да го унапреди своето усогласување со барањата за пристапување кон ЕУ.

## 2. ВОВЕД

Овој извештај е во рамките на Проектот за приближување кон климатска и еколошка правда (CEJ) за Западен Балкан, кој има за цел да го зголеми учеството на јавноста во управувањето со животната средина низ целиот Западен Балкан, со фокус на Албанија и Северна Македонија. Меѓу другото, се работи на усогласување на локалните рамки за донесувањето одлуки со директивите на ЕУ и меѓународните конвенции, особено Архуската конвенција, обезбедувајќи партиципативно транспарентно и инклузивно управување со животната средина.

Проектот опфаќа три компоненти за имплементација:

1. *Компонента 1: Пристап до еколошка правда*
   - Подобрување на координацијата на управувањето преку национални и регионални тркалезни маси за еколошка правда.
   - Зајакнување на правниот капацитет преку програми за обука и развој на правни алатки.
   - Подобрување на каналите за пријавување и јавната достапност до правни лекови.

2. *Компонента 2: Учество на јавноста во донесувањето одлуки за животната средина*
   - Оцена на механизмите за учество на јавноста во политиките за животна средина на локално ниво
   - Развивање алатки за учество за да се обезбеди значајно вклучување на граѓаните во управувањето со животната средина.
   - Тестирање на методите за јавна консултација во рамките на пилот-иницијативите, со што се обезбедува ефективно вклучување на граѓаните во процесите на јавно учество.
   - Фаза на проширување - Подготвување на усовршени алатки за поширока примена на национално ниво.

3. *Компонента 3: Граѓански ангажман во еколошката правда*
   - Зајакнување на учеството на граѓанското општество во управувањето со животната средина.
   - Градење институционални рамки за да се обезбеди долгорочно вклучување на заедницата во креирањето политики.

Проектот за климатска и еколошка правда ги поддржува земјите учеснички во усогласувањето со стандардите на ЕУ за управување со животната средина како дел од нивниот процес на пристапување. Преку три меѓусебно поврзани фази - (1) проценка на потребите за учество на јавноста, (2) развој на практичен сет на алатки за подобрено вклучување во избрани пилот-процеси и (3) тестирање и усовршување на комплетот алатки - проектот директно придонесува за исполнување на критериумите на ЕУ за транспарентност, инклузивност и отчетност.

Учеството на јавноста е законска обврска вградена во неколку директиви на ЕУ. Табелата подолу ги сумира клучните инструменти, критериуми и специфични услови релевантни за пристапувањето.

*Табела 1Директиви на ЕУ за учество на јавноста*

| Директива | Репер за пристапување | Специфични услови / барања за учество |
|---|---|---|
| **Директива 2003/35/ЕЗ** *(Рамка за јавно учество)* | Транспонирање на Архуската конвенција и интеграција во националното законодавство | Се применува низ сите видови на ОВЖС, СОЖС и дозволи; наложува ран пристап до информации, можности за коментари и пристап до правда. |
| **Директива 2011/92/ЕУ** *(Оцена на влијанието врз животната средина – ОВЖС)* | Оперативни процедури за ОВЖС со јавна консултација | Јавноста мора да биде информирана навремено, да има пристап до извештаите за ОВЖС и да може да влијае врз одлуките; мора да бидат достапни правни лекови. |
| **Директива 2001/42/ЕЗ** *(Стратегиска оцена на животната средина – СОЖС)* | Функционален систем за стратегиска и еколошка соработка (СОЖС) со инклузивни консултации | Јавни консултации за нацрт-плановите и извештаите за животната средина; коментарите мора да се земат предвид пред усвојувањето |
| **Директива 2010/75/ЕУ** *(Директива за индустриски емисии – IED)* | Транспарентно издавање дозволи со вклучување на јавноста | Јавен пристап до барањата за дозволи и одлуките; право на коментирање и оспорување на одлуките; потребно е објавување на образложенијата |

## Цел и опсег

Оваа Проценка на потребите има за цел да ги идентификува предизвиците и можностите за вклучување на граѓаните во донесувањето одлуки за животната средина. Со анализа на пречките, најдобрите практики и планираните акции, наодите ќе послужат како основа за развој на стандардизиран комплет алатки за јавно учество, кој ќе биде тестиран во рамките на тековни иницијативи/процеси. Извештајот за Проценка на потребите за јавно учество дава сеопфатна анализа на јавното учество во управувањето со животната средина за општина Ресен и регионот Преспа, врз основа на активностите спроведени во текот на мај и јуни 2025 година, вклучувајќи:

- **Консултирање на достапни информации**– Евалуација на резултатите од почетната фаза за да се воспостави основа за анализа.
- **Теренска дијагноза во Ресен**, што опфаќа:
  - Интервјуа со засегнати страни – дизајнирани за директно да се согледаат перспективите на поединци што се дел од процесите на учество на јавноста; овие интервјуа обезбедија:
    - Профили – Идентификување на улогите и експертизата на засегнатите страни во управувањето со животната средина.
    - Перцепции – Разбирање на ставовите на засегнатите страни за учеството на граѓаните и институционалниот ангажман.
    - Пречки и предизвици – Дијагностицирање на системски, организациски и културни пречки што влијаат врз учеството.

- Најдобри практики и решенија – Истакнување на успешни стратегии и пристапи што може да се реплицираат за вклучување на јавноста.

- **SWOT работилница**–Проценка на силните страни, слабостите, можностите и заканите поврзани со вклучувањето на јавноста, обезбедувајќи сеопфатно разбирање на локалната динамика. Цели на работилницата:

    - Зголемување на учеството на граѓаните во локалното управување со животната средина.
    - Идентификување на пречките што влијаат врз засегнатите страни.
    - Истражување решенија за подобрување на јавниот ангажман.
    - Поттикнување на соработката меѓу засегнатите страни, усогласување на процесите за учеството на јавноста со еколошките и економските приоритети.

- **Работилница за валидација**– Партиципативна сесија одржана на 3 јули 2025 година во Ресен за да се потврдат наодите од Проценката на потребите, да се разгледаат компаративните студии на случај и стратегиите за вклучување, да се дискутираат критериумите за дизајн на комплетот алатки и да се идентификуваат потенцијалните општински процеси за пилотирање на комплетот алатки. На Работилницата за валидација учествуваа засегнатите страни од општинската администрација и инспекциските служби на Ресен; национални институции, вклучувајќи го Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Националните шуми; претставници на организациите на граѓанското општество како што се „Еко-Герила-Преспа“ и Македонското еколошко друштво; овоштари и жени земјоделки; младински активисти и студенти; претставници на индустријата и други деловни актери; УНДП и претставници на тимот што го раководи проектот ЕУ за Преспа.

Овие наоди го обликуваат развојот на алатките за учество на јавноста, вклучувајќи ги и критериумите за дизајн на комплетот алатки. Дополнително, фазата на проценка ги идентификува клучните процеси во Општина Ресен кои ќе послужат за тестирање на имплементацијата на комплетот алатки (декември 2025 – јуни 2026), обезбедувајќи практични сознанија и нивно усовршување пред да се започне со поширока примена.

## Преглед на методологијата

Методологијата интегрира квалитативни и партиципативни техники за да ги опфати перспективите на засегнатите страни, да ги синтетизира наодите и да развие практични препораки:

1. **Собирање податоци (мај-јуни 2025 година)**– Вклучување на засегнатите страни преку интервјуа и SWOT работилници за да се обезбеди дека наодите ги одразуваат реалностите за учество на јавноста.
2. **Анализа на податоци (јуни 2025 година)**– Синтетизирање на информации за идентификување на теми, Пречки и фактори што овозможуваат посилно ангажирање.
3. **Известување (јуни 2025)**– Собирање на наодите во структуриран извештај, во кој се наведени препораки за подобрување на учеството на граѓаните и се информираат критериумите за дизајнирање на комплетот алатки.
4. **Работилница за валидација (03.07.2025)**– Споделување на наодите со општина Ресен и клучните засегнати страни за подобрување на предлозите.

**Следните фази на проектот** вклучуваат:

5. **Развој на комплет алатки (септември-декември 2025)**– Создавање алатки за онлајн и офлајн учество, прилагодени на потребите на засегнатите страни, обезбедувајќи пристапност и прилагодливост.
6. **Тестирање во тековни процеси (јануари-јуни 2026)**– Валидација на комплетот алатки преку реални партиципативни процеси, со што се обезбедува ефикасност пред поширока употреба.
7. **Национална работилница (мај 2025)** за подготовка на усовршените алатки за учество на јавноста за поширока национална примена.

## 3. АНАЛИЗА НА ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

**Географски, еколошки и социо-економски контекст на општина Ресен**

Оваа контекстуална анализа служи како основа за мапирање на засегнатите страни, обезбедувајќи дека процесите за јавно учество се усогласени со локалните еколошки, економски и управувачки приоритети.

**Регионален преглед и клучни еколошки ресурси**

Општина Ресен, сместена во југозападна Македонија, се наоѓа во Преспанскиот басен, опкружена со планините Баба, Галичица и Бигла. Регионот е меѓународно признат по својата биолошка разновидност и еколошко значење, што ја прави прекуграничката и меѓународната соработка неопходна за заштита на животната средина и одржлив развој. Клучните еколошки ресурси вклучуваат:

- Преспанско Езеро – Споменик на природата и критично живеалиште за видови како што е далматинскиот пеликан.
- Парк на природата Езерани – заштитено мочуриште, кое поддржува разновидни популации на птици преселници.
- Национални паркови Галичица и Пелистер – есенцијални шумски екосистеми, дом на ретки растителни и животински видови.




*Слика1 Административни граници на општина Ресен*

***Економски развој***

- Шумите се управувани од јавното претпријатие Национални шуми, а операциите се регулирани со декадно планирање за контрола на сечата, пошумувањето и спречување на ерозијата. Експертите за заштита на природата се залагаат за одржливи реформи во шумарството, заради загриженост во врска со нерегулираната сеча и застарените методи на управување.

- Рибарството во Преспанскиот слив ја следи Риболовната основа, која ја спроведува концесионер, но експертите предупредуваат на неодржливи практики, вклучувајќи прекумерен риболов и штетни методи на риболов кои го загрозуваат биодиверзитетот.
- Општина Ресен има 3.500 хектари земјоделско земјиште, од кои 2.000 хектари се наменети за одгледување јаболка. Значајни напори се вложуваат во наводнување капка по капка, со транзиција во период од 10-15 години за да се минимизира потрошувачката на вода и да се намали зависноста од изворите на вода на Преспанското Езеро и да се одговори на климатските промени. Земјоделците се префрлаат кон интегрирано производство со намалена употреба на ѓубрива и пестициди, поддржано од ЕУ за иницијативите предводени од Преспа/УНДП. Владата обезбедува субвенции од 100.000 евра за привлекување млади професионалци во руралните економски активности, обезбедувајќи долгорочна економска и еколошка стабилност.
- Екотуризмот и агротуризмот се шират како алтернативи на традиционалниот езерски туризам, а Програмата на ЕУ за Преспа финансира 600.000 евра во грантови за развој на туризмот.

**Јавно учество во управувањето со животната средина**

Во Северна Македонија, учеството на јавноста во управувањето со животната средина е регулирано со неколку закони, подзаконски акти, кои го дефинираат вклучувањето на засегнатите страни, процедуралните барања и механизмите за транспарентност. Клучните закони и прописи вклучуваат:

- Закон за животна средина – Воспоставува учество на јавноста во:
    - Проценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС) за поединечни проекти.
    - Стратешки проценки на животната средина (СОЖС) за планови и програми.
    - Издавање на А и Б интегрирани еколошки дозволи, овозможувајќи вклучување на јавноста по барање на засегнатите страни.
- Правилник за учество на јавноста – Ги дефинира процедурите и условите за вклучување на јавноста во донесувањето одлуки за животната средина.
- Правилник за пристап до информации од јавен карактер – Обезбедува право на граѓаните да добиваат податоци за животната средина од надлежните институции.

**Вклучување на засегнатите страни во општина Ресен**

Засегнатите страни учествуваат во процесите на јавни консултации за време на развојот на стратегии, планови и проекти за животна средина, вклучувајќи:

- Стратешки плански документи за управување со отпад, вода и заштитени подрачја.
- Локални акциони планови за животна средина.
- Проценки на влијанието врз животната средина и стратегиски оцени на животната средина.
- Други консултативни процеси усогласени со годишните планови на општината.

**Клучни групи на засегнати страни**

Ефективното учество на јавноста во управувањето со животната средина се потпира на активно вклучување на повеќе засегнати страни, при што секој од нив придонесува

со експертиза, ресурси и ангажман во процесите на донесување одлуки. Рамката за управување со животната средина на општина Ресен вклучува владини институции, локални заедници, бизниси и организации на граѓанското општество, обезбедувајќи мултисекторски пристап кон одржливиот развој.

Следните групи на засегнати страни беа идентификувани и мапирани за време на SWOT работилницата, каде што учесниците ги анализираа клучните актери вклучени во управувањето со животната средина и учеството на јавноста во општина Ресен:

- **Локална администрација**– Општински оддели кои го надгледуваат управувањето со животната средина.
- **Овластен инспектор за животна средина**– Ги надгледува спроведувањето на прописите за животната средина.
- **Локални заедници**– Жителите учествуваат во донесувањето одлуки за животната средина.
- **Образовни и научни институции**– Поддршка на истражување и развој на политики.
- **Јавни комунални претпријатија**– Управување со отстранување на отпад, водоснабдување, канализација и пречистување на отпадните води.
- **Претпријатија од областа на енергетиката и телекомуникациите**– обезбедување услуги и управување со електричната и комуникациската инфраструктура.
- **Јавно претпријатие Национални шуми (подружница Ресен)**– Одговорно за управување со шумите.
- **Национални паркови** (Галичица и Пелистер) – Клучни актери во зачувувањето на биолошката разновидност.
- **Водни заедници**– Координирање на наводнувањето и користењето на водните ресурси.
- **Концесионер за рибарство во Преспанскиот басен -**одговорен за управување со комерцијалниот и рекреативниот риболов во Преспанското Езеро.
- **Организации на граѓанското општество**– Фокусирани на заштита на животната средина и ангажман на заедницата.
- **Земјоделски задруги и здруженија на овоштари**– Водење на иницијативи за одржливо земјоделство.
- **Даватели на туристички услуги**– Промовирање на еко-туризмот и руралниот туризам.
- **Индустрија и локални бизниси**– Поддршка на регионалниот економски развој.

## Профили и улоги во екосистемот за јавно учество

Засегнатите страни беа вклучени преку индивидуални интервјуа и SWOT работилница, со што се обезбеди сеопфатен преглед на учеството на јавноста во управувањето со животната средина за општина Ресен и регионот Преспа.

### Процес на вклучување на засегнатите страни

- Индивидуални интервјуа (1 мај, 5 мај, 22 мај, 27 мај 2025 година) – Спроведени со општински претставници, граѓански организации, засегнати страни од земјоделството, меѓународни програми и агенции за финансирање за да се соберат перспективи од прва рака за предизвиците и можностите за учество.
- SWOT работилница (30 мај 2025 година, Општина Ресен) – учествуваа рпетставници на општинската администрација, граѓанските организации и други актери (еден член на Советот на општина Ресен, Јавното комунално претпријатие за управување со отпад, подружницата на претпријатието Национални шуми во Ресен, директорот

на основно училиште и директорот на Националниот парк Галичица), проширувајќи го дијалогот со засегнатите страни.

- Работилница за валидација на проценка на потребите (3 јули 2025 година, Општина Ресен), на Работилницата за валидација учествуваа 32 претставници на разновидни институции, организации и заедници, вклучувајќи општински службеници од Ресен, претставници од национални институции како што се Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, организации од граѓанското општество (МЕД, Еко Герила-Преспа), локални активисти и членови на заедницата, овоштари и земјоделки, актери од приватниот сектор од Swisslion Agroplod и индустријата за компостирање, едукатори, студенти, претставници од UNDP и тимот на проектот СЕЈ и меѓународни експерти за учество на јавноста.



*Слика2Ангажирање на засегнатите страни во Ресен (мај/јуни 2025 година)*

**Профили и улоги на засегнатите страни**

<u>*Општински претставници и експерти*</u>

**Раководител на секторот за животна средина**, Општина Ресен – Одговорен за дизајнирање и контрола над процесите на учество на јавноста, обезбедување вклучување на засегнатите страни и интеграција на повратни информации во донесувањето одлуки. Активно го користи Акцискиот план за учество на јавноста, развиен во рамките на проектот „Зголемено вклучување на граѓанското општество во донесувањето одлуки за животната средина", финансиран преку Програмата за акциски грантови на Civica Mobilitas и имплементиран од Центарот за климатски промени во Гевгелија во 2017 година. Играше клучна улога во водењето на напорите за учество на јавноста за Планот за управување со Преспанското Езеро (2024–2030) и ќе предводи слични иницијативи за вклучување за Планот за управување со Паркот на природата Езерани, кој во моментов е во почетна фаза на развој.
**Општински експерти за животна средина**– членови на тимот во Секторот за животна средина - Општинските експерти играат клучна улога во структурирањето на процесите на учество на јавноста, обезбедувајќи дека се почитуваат прописите за

животна средина, а воедно ги вклучуваат и локалните заедници во донесувањето одлуки за управување. Нивните одговорности вклучуваат:

- Спроведување проценки на влијанието врз животната средина (ОВЖС) и Стратегиски оцени на животната срдина (СОЖС) за да се обезбеди усогласеност на општинските одлуки со националните политики.
- Надзор над мерките за ублажување на загадувањето и надзор на Б Интегрираните еколошки дозволи[1].
- Организирање јавни расправи и консултации, поттикнување на вклучувањето на граѓаните во креирањето политики за животната средина.
- Координирање на програмите за зачувување на биолошката разновидност, зајакнување на партнерствата меѓу училиштата и заедницата.

Тие ги поддржуваат реформите во управувањето со отпад и обезбедувањето одржлив урбан развој, транспарентност и граѓанско учество преку информирање на граѓаните, организирање јавни расправи и интегрирање на повратните информации од јавноста во процесот на донесување одлуки; управуваат со две заштитени подрачја, земаат примероци од квалитетот на водата во мерната станица Стење, го одржуваат вклучувањето на засегнатите страни и напорно работат на подигање на јавната свест преку донесување годишни програми и спроведување едукација во училиштата.

*Организации на граѓанското општество (ГО)*

**Македонско еколошко друштво** (МЕД) – Води активности поврзани со заедницата, едукација за животната средина и партнерства за одржливост. Активно се вклучени во проекти за зачувување на мочуриштата, ги поврзуваат локалните жители со активности за биолошка разновидност преку училишни програми и кампањи за застапување.
**Еко Герила Преспа**– Се фокусира на еколошка правда, вршејќи притисок врз индустриите да спроведуваат контрола на загадувањето, залагајќи се на доследно спроведување на законите за животна средина. Тие се членови на Архус центарот и активно ја користат неговата платформа за пристап до информации за тековните општински иницијативи. Дополнително, платформата на Архус центарот повремено објавува детали за претстојните процеси на учество на јавноста пред општината, обезбедувајќи можности за рана свест и вклучување на граѓаните. Организацијата се спротивстави на штетните проекти за урбан развој, успешно мобилизирајќи ги заедниците против неодржливи интервенции на крајбрежјето.
**Спирит оф Преспа и Руралните жени од Преспа**– Го зајакнуваат агротуризмот, зачувувањето на традиционалната храна и јакнењето на жените. Нивната иницијатива предводена од жени ги поврзува руралните традиции со одржливо земјоделство, промовирајќи локални земјоделски производи, а воедно поттикнувајќи ја грижата за животната средина.

*Засегнати страни во земјоделскиот сектор*

[1] Интегрирани еколошки дозволи (ИЕД) се регулаторни инструменти и се издаваат согласно Законот за животна средина, а кои утврдуваат услови за спроведување активности со потенцијално влијание врз животната средина. Дозволите од Категорија А се издаваат за големи индустриски постројки со значителен потенцијал за загадување, додека дозволите од Категорија Б се однесуваат на активности од помал обем. Општините, како што е Ресен, се надлежни за издавање на дозволи од Категорија Б. Овие дозволи обезбедуваат усогласеност со еколошките стандарди во индустриските и агро-индустриските постројки.

**Здружение на овоштари**– Служи како клучен претставник на земјоделците на општинските расправи, осигурувајќи се дека нивните потреби - особено во врска со заштитата од град, реформите за наводнување и стабилноста на пазарот - се земаат предвид при донесувањето на политичките одлуки.

*Меѓународни агенции*

**УНДП (Програма ЕУ за Преспа)**– Поддржува одржливо земјоделство, зачувување на биолошката разновидност и развој на инфраструктурата. Активно финансира туристичка инфраструктура и иницијативи за обука на земјоделци, обезбедувајќи поддршка за млади и претпријатија предводени од жени.
**Швајцарска канцеларија за соработка (SDC и SECO)**– Ги зајакнува стратегиите за учество на граѓаните, осигурувајќи дека јавните консултации се непристрасни, транспарентни и ослободени од политичко влијание. Води еколошки проекти поддржани од заедницата и обезбедува соработка меѓу засегнатите страни за управување со водите.
**SALAR International**– Ги олеснува реформите за управување со комунален отпад, помагајќи им на локалните власти да ги подобрат еколошките практики и вклучувањето на јавноста.

## Клучни сознанија од интервјуата

Интервјуата и SWOT работилницата спроведени со општински претставници (вклучувајќи го персоналот на Одделот за животна средина, Јавното комунално претпријатие за управување со отпад, Основното училиште и еден локален советник), организации на граѓанското општество, засегнати страни од земјоделството, шумарството и Националниот парк Галичица, како и агенции за финансирање, обезбедија сеопфатна перспектива за предизвиците на управувањето со животната средина и учеството на јавноста во општина Ресен и регионот Преспа.

Следните идентификувани предности и слабости, можности и закани ги обликуваат стратешките препораки за подобрување на вклученоста на граѓаните во донесувањето одлуки за животната средина:

### Јаки страни

Општина Ресен располага со вредни природни и еколошки ресурси, нудејќи силен потенцијал за иницијативи за зачувување и развој на одржлив туризам. Присуството на станица за мониторинг на Преспанското Езеро обезбедува следење на екосистемот и откривање на загадувањето, зајакнувајќи ги напорите за истражување и заштита на животната средина. Општината воспостави формални партнерства со научни, образовни и локални организации. Дополнително, општината има пристап до меѓународни и национални извори на финансирање (ЕУ, УНДП, ПОНТ, ИПАРД III, СЕКО), поддржувајќи проекти за одржливост на животната средина. Три информативни центри служат како центри за еколошко образование, поттикнувајќи го ангажманот на заедницата и вклучувањето на младите преку структурирани програми.

### Слабости

И покрај добро воспоставените рамки за животна средина, напорите за учество на јавноста се соочуваат со значителни предизвици, вклучително и недостаток на структурирани комуникациски стратегии, што го ограничува досегот и ангажирањето

на граѓаните. Недостатокот на ренџери (вработени се само шест) ги ослабува напорите за следење и зачувување во заштитените подрачја. Институционалната фрагментација придонесува за конфузија, неефикасност и недоверба на јавноста, бидејќи одговорностите често се префрлаат помеѓу локалните и националните власти без јасна координација. Дополнително, граѓанските организации се борат со краткорочни циклуси на финансирање, што доведува до неконзистентно ангажирање на јавноста, додека финансиските и човечките ресурси влијаат на квалитетот на услугите што ги нуди секторот за јавни комунални услуги.

**Можности**

Засегнатите страни идентификуваа неколку можности за подобрување на јавниот ангажман и ефикасноста на управувањето. Органиациите што промовираат здрава животна средина на локално ниво би можеле да ги оспособат граѓаните активно да учествуваат во напорите за одржливост, додека платформите за дигитални медиуми нудат нови начини за зголемување на свеста и информирањето за животната средина. Законски реформи што ги разјаснуваат институционалните улоги би помогнале во елиминирањето на преклопувањето на одговорностите, подобрувајќи ја ефикасноста и довербата во управувањето. Проширувањето на јавно-приватните партнерства би можело да обезбеди долгорочно финансирање за проекти за одржливост, обезбедувајќи финансиска стабилност надвор од краткорочните иницијативи. Дополнително, структурираните модели на учество и еко-клубовите предводени од млади би можеле да го трансформираат знаењето за животната средина во директна акција, поттикнувајќи рано вклучување и долгорочна посветеност од заедницата.

**Закани**

И покрај ветувачките можности, учеството на јавноста во донесувањето одлуки за животната средина се соочува со неколку критични закани. Влијанијата од климатските промени, вклучувајќи ја загубата на биолошката разновидност и екстремните временски настани, претставуваат ризици за зачувувањето и одржливоста на ресурсите. Намалувањето на нивото на водата во Преспанското Езеро ја загрозува достапноста на вода, биолошката разновидност и одржливоста на туризмот. Слабата институционална координација и неефикасноста на управувањето ја поткопуваат довербата на јавноста, намалувајќи го учеството и ангажманот. Економските тешкотии ги принудуваат граѓаните да им дадат приоритет на потребите за преживување пред застапувањето за животната средина, додека недостигот од локални медиуми го ограничува вклучувањето на јавноста во еколошките политики. Дезинформациите и недовербата - влошени од отсуството на законски казни за лажни вести - дополнително ја еродираат довербата во управувањето со животната средина, обесхрабрувајќи ги граѓаните активно да учествуваат во донесувањето одлуки.

Одговорите од интервјуата дадоа вредни сознанија за учеството на јавноста во општина Ресен, нудејќи разновидни перспективи за постојните пречки, празнини во политиките и институциите, како и студии на случај и на успешни и на неуспешни процеси на учество. Дополнително, испитаниците истакнаа позитивни примери за ефективни стратегии за вклучување на јавноста и предложија препораки за подобрување.

Подолу е претставен краток преглед на перспективите на засегнатите страни.

• **Општински експерти:** Општинските претставници ја признаваат стратешката вредност на граѓанското учество, но се соочуваат со постојани предизвици во градењето доверба и спроведувањето ефективен досег. Ограничениот административен капацитет и процедуралните доцнења се наведуваат како клучни пречки за учество. И покрај овие ограничувања, општините вложуваат напори да ги применуваат еколошките стандарди, одржуваат јавни расправи, и програми за обука во заштитата на биодиверзитетот и ја препознаваат потребата од посистематски механизми за ангажирање.
• **ГО (МЕД, Екогерила, Спирит оф Преспа, Рурални жени на Преспа)** вршат мобилизација на локално ниво и постојано постигнуваат повисоки нивоа на граѓанско учество отколку иницијативите предводени од општините. Тие се залагаат за поцврста примена на законите, транспарентни консултативни процеси и суштинска интеграција на јавната повратна информација во креирањето политики. Видливоста во медиумите се смета како суштинска за одржлив досег. Многу организации активно промовираат еко-туризам и агро-туризам како одржливи алтернативи на опаѓачкиот езерски туризам и повикуваат на таргетирани стратегии за ангажирање кои ги интегрираат економскиот раст и заштитата на животната средина.
• **Земјоделски засегнати страни (Здружение на овоштари):** Претставниците од земјоделскиот сектор, како Здружението на овоштари, нагласуваат дека ангажирањето е најефективно кога политиките директно влијаат врз економската стабилност – особено во области како заштита од град и финансирање на наводнувањето. Тие ги поддржуваат мерките за заштита на животната средина, доколку се компатибилни со земјоделските потреби, и го истакнуваат потенцијалот на моделите за договорно земјоделство за стабилизирање на цените и договорите за испорака.
• **Меѓународни организации и донатори (UNDP, SDC & SECO, SALAR International):** Развојните партнери и донаторите ја нагласуваат важноста од одржување независност во процесите на јавно учество, обезбедувајќи консултативните механизми да останат ослободени од политичко влијание. Тие се залагаат за партнерства со повеќе засегнати страни и ја потенцираат критичната улога на граѓанското општество, институционалната поддршка, градењето капацитети и финансиската одржливост во поттикнувањето долгорочно учество. Тие ја нагласуваат потребата од инклузивност и балансирање на техничка експертиза со приоритетите водени од заедницата.

Подолу е претставено резиме на перспективите на засегнатите страни за клучните тематски области од рамката за интервју, во кое се прикажани нивните ставови за пречките, институционалните предизвици, стратегиите за вклучување и препораките за подобрување на учеството на јавноста во управувањето со животната средина.

**Перцепции за учество на јавноста**

Засегнатите страни ја нагласија важноста на структурираните механизми за вклучување, признавајќи дека консултациите со граѓаните честопати остануваат процедурални, а не влијателни, нагласувајќи ја потребата од поинклузивно учество, особено за руралните заедници, иницијативите предводени од жени и младинските групи. Тие истакнаа примери за ефективна мобилизација на локално ниво, како што е проектот за зачувување на мочуриштата во Преспа, каде што локалните жители играа активна улога во следењето на заканите за биодиверзитетот.

Перцепциите за нивоата на јавно ангажирање варираат меѓу засегнатите страни, почнувајќи од ниско до силно, во зависност од нивната улога во управувањето со

животната средина. Испитаниците забележаа дека граѓаните имаат поголема веројатност да се мобилизираат кога гледаат директни, опипливи придобивки, како што се финансиски стимулации, подобрени услови за живот или подобрени здравствени резултати. Дополнително, ангажираноста има тенденција да се зголемува кога поединците се директно погодени од проблеми како што се загадувањето, уништувањето на шумите или еколошката деградација.

**Пречки за учество на јавноста**

Повеќето засегнати страни ја истакнаа ограничената транспарентност и бирократската неефикасност, забележувајќи дека алатките за вклучување на јавноста честопати имаат симболична, а не влијателна улога, обесхрабрувајќи го значајното ангажирање. Беше изразена загриженост за политичкото влијание, ниската јавна свест и недостатокот на достапни информации, што - во комбинација со сложеноста на еколошките прашања и отсуството на техничка експертиза – носат предизвици во ефективниот придонес на граѓаните.

Дополнително, спротивставените медиумски наративи создаваат јавна конфузија, намалувајќи го ефективното учество. Финансиската нестабилност дополнително влијае на ангажманот, бидејќи граѓаните со ниски приходи му даваат приоритет на непосредниот опстанок пред застапувањето за животната средина. Многу учесници изразија чувство на немоќ, верувајќи дека нивниот придонес нема да доведе до значајни промени. Правните, финансиските и културните ограничувања дополнително ги зајакнуваат пречките за учество.

**Постоечки стратегии за вклучување на јавноста**

**Платформи за структуриран дијалог**– Форумите на заедницата, работните групи, економско-социјалните совети и локалните акциони групи (ЛАГ), ја олеснуваат соработката меѓу засегнатите страни, обезбедувајќи граѓаните активно да придонесат во донесувањето одлуки преку формални процеси на консултации.

**Граѓанска и насочена работа**– Се фокусира на директно ангажирање, градење доверба и мобилизација, поттикнувајќи посилно локално учество и иницијативи водени од заедницата.

**Градење капацитети и јакнење на граѓанските организации**– Обезбедува финансирање и стратешка поддршка, помагајќи им на организациите на граѓанското општество да ги прошират напорите за застапување, кампањите за подигање на свеста и стратегиите за мобилизација, обезбедувајќи долгорочна одржливост на партиципативните иницијативи.

**Ангажман на млади и волонтери**– Поттикнува мобилизација на заедницата, промовирајќи одржливост и локални еколошки иницијативи преку програми предводени од млади и проекти водени од волонтери.

**Регионални состаноци и пристапност**– Одржани на повеќе локации со локалните заедници, го подобруваат пристапот на граѓаните до механизмите за учество, обезбедувајќи поширока застапеност на заедницата во дискусиите за управување со животната средина.

**Институционални и политички предизвици**

Учеството на јавноста во управувањето со животната средина е регулирано на национално ниво, но општините се борат со спроведувањето поради административна неефикасност и слаба меѓуагенциска координација. Иако законските рамки наложуваат учество, вклучувањето често е ограничено на само една јавна расправа, намалувајќи го влијанието на граѓаните во донесувањето одлуки.

Засегнатите страни ја истакнуваат потребата од рано и континуирано вклучување, посилна институционална независност и појасни механизми за спроведување за подобрување на кредибилитетот. Стратешките еколошки проценки (СОЖС) се законски задолжителни, но не секогаш задолжителни, што доведува до често избегнување и ризици по животната средина.

**Препораки за зајакнување на учеството на јавноста**

**Транспарентна комуникација и градење доверба**

- Развивање на структурирана комуникациска стратегија прилагодена на различните групи на засегнати страни на Општина Ресен, обезбедувајќи јасно, достапно и инклузивно вклучување.
- Зајакнување на соработката со медиумите, искористување на локалните медиуми, платформите на заедницата за борба против дезинформациите и засилување на информирањето.
- Давање приоритет на интерактивните формати за учество, преминувајќи од формалните сослушувања кон практични работилници, дигитални консултации и директно вклучување на децентрализирани локации.

**Институционален капацитет и стабилност на лидерството**

- Обезбедување експертиза и ресурси за општинските службеници, инспекторите за животна средина и лидерите на заедницата, за да се олесни учеството.
- Обезбдување континуитет на лидерството, бидејќи честите промени ги попречуваат долгорочните иницијативи.
- Спроведување на институционални реформи за разјаснување на улогите, елиминирање на преклопувањата на надлежностите и префрлање на вината за да се обезбеди транспарентно управување.

**Финансиска и логистичка поддршка**

- Обезбедување на долгорочно финансирање од меѓународни донатори, национални програми и општински буџети за да се одржат напорите за учество.
- Обезбедување на конзистентна финансиска и логистичка поддршка за локалните граѓански организации на локално ниво, за да се овозможи градење на капацитети и долгорочно влијание.
- Помош од општината за волонтерите, вклучувајќи транспорт, отстранување на отпад и финансирање на настани за да се поттикне учеството.

**Целна информираност и инклузивно учество**

- Искористување на постојните мрежи - вклучувајќи ги младинските центри, граѓанските организации, здруженијата на жени од руралните средини,

земјоделските задруги и бизнис групите - за ефикасно ангажирање на различни групи засегнати страни.

- Усогласување на стратегиите за вклучување со приоритетните прашања, како што се грантовите за земјоделци, намалувањето на загадувањето и инфраструктурните проекти, осигурувајќи дека вклучувањето на граѓаните останува релевантно и влијателно.
- Оспособување на локалните лидери преку препознавање на клучните поединци кои ги движат промените, поддршка на иницијативите на локално ниво и поттикнување на решенија водени од заедницата.

**Континуирано и инклузивно ангажирање**

- Да се надмине сегашната практика на единечни јавни расправи со воведување на континуирани консултации, овозможувајќи им на граѓаните да даваат повратни информации во текот на целиот процес на донесување одлуки.
- Воспоставување структурирани модели на ангажман што ќе обезбедат придонесот на граѓаните да биде документиран, прегледан и значајно интегриран во реформите на политиките.
- Задолжителни наместо повремени стратешки проценки на животната средина (СОЖС) за да се зголеми транспарентноста и отчетноста во креирањето политики за животната средина.

**Зајакнување на земјоделската и економската стабилност**

- Поддршка на моделите на договорно земјоделство, обезбедување стабилност на цените и предвидливост на пазарот за одгледувачите, поттикнување на економската сигурност и долгорочното ангажирање.
- Промовирање на јавно-приватни партнерства, интегрирање на економската одржливост со управувањето со животната средина за да се обезбедат взаемни придобивки за бизнисите и заедниците.

## 4. ПРОЦЕНКА НА ТЕКОВНИТЕ ПРАКТИКИ

Јавното учество во Општина Ресен игра клучна улога во управувањето и донесувањето одлуки за животната средина, но се соочува со значителни предизвици во спроведувањето. Иако законските рамки наложуваат вклучување на граѓаните, вклучувањето често е ограничено на формални расправи без континуирани консултации, оставајќи ги жителите обесправени и неспособни да влијаат на клучните процеси. Институционалната фрагментација, недовербата и несоодветните стратегии за информирање дополнително го попречуваат учеството, особено во руралните и економски загрозените заедници. Сепак, растечките движења на локално ниво, структурираните комуникациски стратегии и алатките за дигитално вклучување претставуваат вредни можности за подобрување на инклузивното донесување одлуки, обезбедувајќи одржливо вклучување на јавноста и влијание врз политиките.

### Статус на учеството на граѓаните во Ресен.

Учеството на јавноста во општина Ресен се перцепира различно кај засегнатите страни, во зависност од нивните методи на вклучување и стратегиите за информирање. Иако законските рамки ја поддржуваат вклученоста на јавноста, вистинското учество варира од ниско до умерено, при што иницијативите предводени

од граѓанските организации генерално поттикнуваат посилно вклучување од општинските процеси.

**Постоечки алатки и пристапи користени од Општина Ресен**

Општина Ресен има усвоено структуриран пристап кон јавното учество преку Акцискиот план за донесување еколошки одлуки од 2017 година, развиен со поддршка од CIVIKA Mobilitas и Центарот за климатски промени Гевгелија. Овој план ги опишува алатките и модалитетите што моментално се користат за информирање, консултирање и вклучување на граѓаните во управувањето со животната средина:

- **Алатки за дисеминација**
    - Јавни соопштенија и печатени материјали
    - Вклучување на локалните медиуми
    - Дистрибуција на достапни еколошки податоци за подигнување на свеста
- **Консултативни механизми**
    - Јавни форуми и расправи
    - Средби со засегнати страни, граѓански организации и локални експерти
    - Прибирање повратни информации за време на планирање на проекти и еколошки проценки
- **Техники за градење консензус**
    - Фасилитирани работилници за идентификација на заеднички приоритети
    - Користење работни групи составени од општински службеници, ГО и технички консултанти
- **Евалуација и следење**
    - Механизми за прибирање јавни коментари и известување за тоа како е искористен придонесот
    - Дефинирани фази за планирање, анализа, ревизија и имплементација, секоја со мерливи цели

Иако Акцискиот план ја одразува јасната институционална посветеност на јавното учество, неговата практична примена е нерамномерна. Раководителот на Одделението за животна средина покажал силен ентузијазам за имплементацијата; сепак, свесноста за документот кај другите општински службеници останува ограничена. Како резултат, планот сè уште не е целосно интегриран во секојдневните процедури и ризикува да стане еден од повеќе стратешки документи што остануваат недоволно искористени.

Во практика, граѓанското учество и понатаму се потпира претежно на конвенционални методи – како објави на веб-страницата на општината, покани преку е-пошта и редовна пошта, како и повремени телефонски повици за поттикнување присуство.
Ова претставува навремена можност за ревитализација и операционализација на партиципативните алатки на Ресен преку проектот КЕП (Климатска и еколошка правда), кој нуди насочени ресурси и техничка поддршка за зајакнување на инклузивните механизми за учество и нивно вградување во општинската практика.

**Мнозински став: Ограничено вклучување на граѓаните**

- Учеството на јавноста останува ниско до умерено, при што граѓаните се двоумат да придонесат во процесите водени од општината поради недоверба во локалните институции и ограничени можности за значајно вклучување.

- Ангажманот е во голема мера зависен од релевантноста на проблемот, при што финансиските стимулации го зголемуваат вклучувањето, додека зачувувањето на природата и управувањето со водите привлекуваат помалку внимание.

**Клучни предизвици што влијаат на учеството**

- Институционалниот притисок, недостатокот на транспарентност и сложените општински процедури го обесхрабруваат вклучувањето на граѓаните. Многу жители се чувствуваат неинформирани за своите права или се плашат од последиците од активизмот, намалувајќи ги стапките на учество.
- Ограничените покани за јавни расправи дополнително ги исклучуваат жителите, принудувајќи ги да се потпираат на лични врски за информации, наместо на формални канали за вклучување.

**Различни перцепции на засегнатите страни**

- УНДП и МЕД го сметаат учеството за силно, главно поради нивните обемни теренски активности, каде што директната интеракција на граѓаните и локалното ангажирање го поттикнуваат учеството.
- Други засегнати страни го сметаат учеството за средно до ниско, што одразува општинска неефикасност, недоволен досег и недоверба во формалните механизми за учество.

**Перспектива на донаторите: Успешен ангажман предводен од граѓанските организации**

- Меѓународните донатори ги сметаат своите стратегии за информирање за многу ефикасни, бидејќи ги ангажираат граѓаните преку граѓанските организации, а не преку општинските канали, градејќи доверба и обезбедувајќи повисоки стапки на учество.
- Проектите за животна средина и општеството предводени од граѓански организации постигнуваат поголемо вклучување на јавноста, истакнувајќи ја потребата општините да усвојат слични пристапи водени од граѓаните.

**Илустративни дискусии: Учество на граѓаните во акција**

- Програма на ЕУ за Преспа – Граѓаните активно го обликуваа нејзиниот опсег и приоритети, придонесувајќи со 13,7 милиони евра во интервенции, прикажувајќи ефикасни модели на ангажман.
- Обука на земјоделци и шема за грантови[2]–Аплицираа 150 земјоделци, од кои 87 беа избрани по посетувањето на задолжителните обуки, што го демонстрира успехот на насочените напори за учество.
- Реконструкција на противпожарна станица–Жителите помогнаа во дизајнирањето на мултифункционалниот простор во рамките на реновираната станица, заради водството на заедницата во донесувањето на одлуки.

## Трендови и мотивации

[2] Оваа обука и грант-шема претставува дел од проектот „ЕУ за Преспа“, кој поддржува зајакнување на локалните капацитети и иницијативи за одржлив развој во регионот.
ЕУ за Преспа – Обнова на природните ресурси и унапредување на одржливото земјоделство и туризмот | Програма за развој на Обединетите нации (УНДП).

Учеството на јавноста во еколошките иницијативи во општина Ресен варира во зависност од нивото на свест, перцепираните придобивки и итноста на проблемите. Додека некои граѓани активно се вклучуваат во зачувувањето и одржливоста, други остануваат неангажирани поради ограничено разбирање или непосредно влијание.

**Мотивации за учество на граѓаните**

- **Ангажман специфичен за проблемот**– Граѓаните се мобилизираат кога се директно погодени од загадување, уништување на шумите или еколошка деградација, иако ниската свест за пошироките еколошки проблеми го ограничува долгорочниот активизам.
- **Лични придобивки и директни предности** –Учеството се зголемува кога поединците гледаат опипливи придобивки, како што се финансиски стимулации, почиста околина и подобрено здравје. Економската стабилност, субвенциите и директните придобивки за егзистенција значително влијаат на нивоата на ангажираност.
- **Свест за животната средина и итност**– Растечката загриженост за опаѓањето на нивото на Преспанското Езеро и напорите за обновување на шумите го зголемија вклучувањето на јавноста во активностите за зачувување, охрабрувајќи итна акција.
- **Здравствени проблеми и јавна акција** –Неуспесите во управувањето со отпадот, загадувањето на воздухот и проектите за депонии го поттикнуваат активизмот, особено кога граѓаните се плашат од долгорочни здравствени ризици за себе и за своите семејства.
- **Општинска комуникација и транспарентност**–Редовните информации од локалните власти го подобруваат раното вклучување во дискусиите за животната средина, зајакнувајќи ја потребата за отворен дијалог.

**Методи на ангажирање специфични за секторот**

**Општина„Сектор за животна средина** –Организира јавни расправи, ги интегрира повратните информации од граѓаните во политиките и води програми за подигање на јавната свест, иако ангажманот останува ограничен.
**Македонско еколошко друштво (МЕД)**– Ја зголемува свеста за животната средина преку едукација, директна комуникација и пристапност преку локалните канцеларии и училишните програми.
**Еко Герила Преспа** –Ги мобилизира граѓаните преку нудење достапни информации, поттикнување на активизам кај младите и олеснување на јавни дискусии со властите.
**Овоштари**– Поддржување на општинските иницијативи за одржливост кога се усогласени со нивните интереси, вклучувајќи заштеди на вода, намалување на користење на пестицидите и стратегии за прилагодување кон климатските промени што ја подобруваат ефикасноста и отпорноста на земјоделството. Нивното учество е водено од:

- Можности за учење за подобрување на земјоделските техники и ефикасност.
- Пристап до модерна опрема за подобрување на продуктивноста и намалување на отпадот од ресурси.
- Зголемен принос преку оптимизирани земјоделски методи.
- Стратегии за прилагодување кон климатските промени за да се обезбеди долгорочна одржливост и отпорност.

**Рурални жени и Спирит оф Преспа**– Зајакнување на учеството во екотуризмот, застапување за вклучување на жените во планирањето и проширување на можностите за вмрежување за одржлив туризам; застапување за поголема транспарентност во општинското планирање, обезбедување вклученост во политиките за управувањето со Паркот на природа Езерани, проширување на регионалниот екотуризам и подобрување на пристапот до пазарот преку меѓународни саеми. Нивното вклучување е фокусирано на:

- Вклучување во политиката - Обезбедување учество во дискусиите за управување со Паркот на природа Езерани за да се придонесе со експертиза.
- Одржлив туристички развој - Искористување на туризмот што се потпира на зачувување на природата (на пр., набљудување птици, тури базирани на астрономија) за поттикнување на регионалниот екотуризам.
- Раст на бизнисот - Проширување на пристапот до пазарот и можностите за вмрежување на меѓународни саеми, зајакнување на видливоста на локалниот туризам.

**Ангажман предводен од УНДП** –Користи традиционални алатки за комуникација, како што се веб-страници, социјални медиуми и спонзорирани објави, постигнувајќи високо учество на земјоделците и покрај ограничените стратегии за информирање.
**Швајцарска канцеларија за соработка (SDC и SECO)**–Институционализира форуми на заедницата, обезбедувајќи структурирано вклучување на граѓаните во општинското планирање.
**Салар Интернешнл**[3] –Ја зајакнува соработката меѓу општините и граѓанските организации преку работилници, форуми и консултации, усогласувајќи ги активностите на управување со потребите на заедницата.

**Трендови во однос на учеството**

Засегнатите страни имаат различни перспективи за трендовите на учество на јавноста во општина Ресен, кои се обликувани од нивното ниво на директно ангажирање, информираност и институционална вклученост. Додека УНДП и МЕД се изјаснуваат дека учеството е силно поради нивното присуство на терен, други го оценуваат учеството како средно до ниско, со аргументација дека постојат административни пречки и недоследно вклучување на граѓаните во процесите предводени од општината.

*Позитивни трендови:*
- Активностите на МЕД го подобрија вклучувањето на граѓаните преку едукација и директна информираност;
- УНДП наведува дека долгогодишната традиција на граѓанско учество во Ресен е зајакната со проекти финансирани од донатори (УНДП, СДЦ, ЕУ, Шведска). Свеста на граѓаните и проактивното вклучување продолжуваат да растат, при што земјоделците покажуваат висока посветеност во анкетите, импресионирајќи ги експертите со нивната стручност и ангажираност.

*Стагнација во учеството:*

---
[3] SALAR International е јавно претпријатие поврзано со Шведската асоцијација на локални власти и региони (SALAR).

- Иако ангажманот останува стабилен, општинските експерти забележуваат ограничен раст, што укажува на потреба од нови стратегии за вклучување на јавноста.
- Средношколскиот активизам што го поддржува „Еко Герила - Преспа“ бележи раст, иако останува предизвик задржувањето на учениците, кои редовно заминуваат да студираат во други градови.

*Намалување на вклученоста*
- Претстојните консултации за Паркот на природа Езерани се очекуваат со ниска посетеност поради миграцијата на младите и граѓанското неангажираност.
- Предизвици за овоштарите – недостига системско управување со отпадот, особено со опасниот отпад (амбалажа од пестициди) за што се виновни националните власти, делумно предизвикуваат недоверба кај земјоделците, кои се залагаат за одржливо отстранување на хемискиот отпад.
- Видувања на засегнати страни од меѓународната заедница–тие сметаат дека се забележува постојан пад на граѓанскиот ангажман од Шарената револуција (2016), што е одраз на политичкиот замор и перцепцијата за отсуство на  влијание на јавноста на политиките.

## Студии на случај на успешно и неуспешно учество.

### Успешни процеси на учество на јавноста

**Координативен состанок за спасување на Преспанското Езеро (2020)**
*Општи информации*: Иницијатива за ангажман од голем обем во која учествуваат над 150 учесници, вклучувајќи министерства, граѓански организации, активисти и медиуми, насочена кон справување со влошувањето на животната средина на Преспанското Езеро.
*Клучни достигнувања:* Доведе до основање на Комитетот за управување со Паркот Преспа, (трилатерално тело кое ги вклучува Северна Македонија, Албанија и Грција), и обезбеди финансиска поддршка од ЕУ за напорите за заштита на Езерото.
*Причини за успех*: Широката вклученост на засегнатите страни, координацијата на високо ниво, силната меѓународна посветеност и медиумското покривање обезбедија влијание врз политиката и обезбедување на финансиските средства.

**Спроведување на условите од интегрираната еколошка дозвола за фабрика за тули „А“ (2018)**
*Општи информации*: Серија од шест состаноци, со присуство на градоначалникот, кои кулминираа со голем пленарен состанок со повеќе од 200 учесници, беа фокусирани на загадувањето на воздухот од фабриката за тули „Нова Слога“.
*Клучни достигнувања*: Подигната е свеста за ризиците по јавното здравје, мобилизирано е силно вклучување на граѓаните и извршен е притисок врз раководството на фабриката да спроведе мерки за намалување на загадувањето.
*Причини за успех*: Притисокот од граѓаните, силното локално лидерство (Еко Герила Преспа), широкото медиумско покривање и континуираното застапување обезбедија (краткорочни) подобрувања. Сепак, националните власти беа недоволно ангажирани и откако јавниот притисок стивна, инсталацијата повеќе не ги исполнуваше еколошките барања од нејзината А-интегрирана дозвола, што доведе до повторно зголемување на нивоата на загадување

**Стратегиска оцена на животната средина за Планот за управување со природата на споменикот на Преспанското Езеро (2024)**

*Општи информации*: Вклученоста на јавноста во процесот на СОЖС за Планот за управување со Споменикот на природата Преспанско Езеро беше ограничена, процесот беше повеќе формален отколку суштински, со учество главно на институции и недоволнаа ангажираност на граѓаните.
*Клучни предизвици*: Формални покани, ограничена свест и скептицизам кон процесот на планирање резултираше со органичена вклученост.
*Научени лекции*: потребен е директен пристап и креативни методи на вклучување, како и структурирани формати за учество на јавноста за да се обезбеди посилен надзор врз процесите за управување со животната средина.

**Иницијатива за обука на земјоделци на УНДП (2024-2025)**
*Општи информации*: Структурирана програма за обука каде што 150 земјоделци присуствуваа на шестчасовни дневни сесии водени од земјоделски експерти, кои опфаќаа време на наводнување, проценка на почвата и употреба на ѓубрива.
*Клучни достигнувања*: Земјоделците високо ја оценија програмата, усвојувањето одржливи практики, подобрувањето на зачувувањето на почвата и зголемувањето на продуктивноста.
*Причини за успех*: Практичното учење, ангажирањето на специфични сектори, експертската фасилитација и усогласувањето со економските интереси на земјоделците обезбедија високи стапки на учество.

**Еколошка едукација за деца (тековно)**
*Општи информации*: Партиципативна програма во која се вклучени повеќе од 200 студенти преку работилници, екскурзии, учење преку игри и интерактивни образовни формати.
*Клучни достигнувања*: Зајакната е еколошката свест кај младите, поврзани се училиштата со едукатори (PONT) и постигната е силна медиумска покриеност преку ТВ програми и социјални медиуми.
*Причини за успех*: Форматот на ангажираност, комуникациските стратегии прилагодени за младите, институционалните партнерства и континуираната побарувачка за едукативни активности од страна на децата, обезбедија одржливо учество.

**Иницијатива за одгледување јаболка со намалено користење на пестициди (2015–тековно)**
*Општи информации*: Долгорочен ангажман во кој 200–300 земјоделци усвоија стратегии за контрола на штетници адаптирани на климатските услови, поддржани од седум агрометеоролошки станици кои ги следат временските услови и времето на појава на штетници.
*Клучни достигнувања*: Подобрена земјоделска одржливост, намалена употреба на пестициди и зголемена отпорност во одгледувањето јаболка и покрај ограниченото медиумско внимание.
*Причини за успех*: Долгорочната посветеност, научната поддршка, придобивките од прилагодувањето кон климатските промени и директното вклучување на земјоделците обезбедија високи стапки на учество.

**Неуспешни процеси на јавно учество: лекции од Ресен и пошироко**

И покрај повеќекратните иницијативи насочени кон зајакнување на вклучувањето на јавноста, неколку случаи ги илустрираат предизвиците и ограничувањата на граѓанскиот ангажман во пракса:

- **Управување со влажни ливади:** почетниот скептицизам на граѓаните и недостатокот на доверба во активностите на невладини организации беше заманет со подобрено ниво на учество преку присуство на теренот и неформални контакти.
- **Еко Герила Преспа** се соочува со ограничувања поради недостиг на време и ресурси. Потпирањето главно на социјалните медиуми за информирање на своите конституенти, заедно со недоволната експертиза за одделни сектори на животната средина, се одразуваат на  одржливоста и континуитетот на активностите.
- **Стратегиски оцени на животната средина и Локален план за управување со отпад:** се соочија со слаб одзив поради формални покани, ниска јавна свест и скептицизам кон процеси за долгорочно планирање. Дезинформации или премногу технички информации дополнително се одразуваат на недоволен интерес за вклучување на јавноста.
- На настанот за подигање на свеста за управување со отпад во 2024 година учеството на засегнатите жители и бизниси беше  минимално. И покрај солидните подготовки, недовербата на јавноста и различните приоритети на властите и заедницата доведоа до протести против предложената регионална депонија во Новаци.
- **Компензацијата на јаболкопроизводители од штети во Ресен** откри подлабоки институционални неуспеси: повеќегодишно доцнење на исплатите, неефикасност на општините и недостаток на координација меѓу одговорните тела предизвикаа финансиски тешкотии за многу земјоделци, и покрај значителното внимание од медиумите.
- Во Малешевијата, дезинформациите околу ограничувањата за користење на шумите предизвикаа јавна реакција против прогласувањето за заштитено подрачје. Иако институциите разјаснија дека противењето произлезе од спроведувањето на прописите за сеча, медиумските наративи се фокусираа на контроверзиите.
- Јавната консултација за Планот за управување со отпад за општина Битола беше изоставена, бидејќи општинските власти избегнуваа учество несакајќи да се соочат со спротивставување. Ова доведе до слаба поддршка и несинхронизираност помеѓу политиките и јавниот интерес

**Основни причини за неуспешно ангажирање:**
- *Ругидни и формални формати:* ги отуѓуваат граѓаните кои подобро реагираат на неформални интеракции што градат доверба.
- *Дезинформации и јавна недоверба*— поттикнати од фрагментирана комуникација — го поткопуваат институционалниот кредибилитет.
- *Институционалната неефикасност*, вклучувајќи ги одложената владина акција и лошата меѓуинституционална координација, ги фрустрираат граѓаните.
- *Ограничена медиумска ангажираност,* ја попречува видливоста на напорите за подигање на свеста, додека медиумите претпочитаат да известуваат за конфликти и протестит.
- *Перцепција за ниска релевантност,* води кон колебање да се поставуваат прашања во процесите за заштита на животната средина и урбанистичко планирање, додека ризиците поврзани со здравјето полесно ја мобилизираат јавноста.

**Клучни заклучоци и научени лекции**

**Граѓанските организации го поттикнуваат ангажманот**– Иницијативите предводени од граѓанските организации постојано постигнуваат поголемо учество од процесите предводени од општините.

**Финансиската поддршка е важна** –Структурираните програми поддржани од донатори обезбедуваат долгорочен ангажман и одржливост.
**Учество во специфични теми од интерес** –Граѓаните се вклучуваат поактивно во процеси што им носат директни придобивки (на пр., грантови за земјоделци, решавање на проблеми со загадувањето).
**Свеста на граѓаните е клучна** –Ограниченото разбирање на правата води кон реактивно ангажирање, што ја нагласува потребата од образование на рана возраст.
**Медиумските партнерства влијаат на видливоста**– Силната вклученост на медиумите го засилува досегот, додека ниската покриеност го намалува ангажманот.

**Рефлексии од Ресен и компаративни европски контексти**

Студиите на случај од Ресен ја истакнуваат виталната важност на комуникациската стратегија, односно интеракцијата помеѓу властите и граѓаните, капацитетот на институциите и релевантноста на темата за суштинско учеството на јавноста. Додека некои процеси привлекуваат значајно влијание и високо ангажирање на граѓаните, други се соочуваат со постојани пречки, како што се институционалната инерција, скептицизмот на јавноста и ригидните и премногу формални формати на комуникација.

И во европските земји има добри и лоши искуства, такатшо обидите за зголемување на инклузивноста на учеството - особено за социјалните групи кои често се „оддалечени“ од процесите на донесување одлуки - не се секогаш успешни.

**Учество на јавноста за сите – Рефлексии од француската пракса**

Допирањето до публика која е „подалеку“ од јавниот простор, а со тоа и од јавното учество, е прилично тешко. Недовербата кон донесувачите на одлуки и институциите е обично поголема, а социјалниот и професионалниот профил на граѓаните можат да бидат пречки за ефикасно учество. Покрај тоа, подготвеноста за учество и говорење во јавноста се помали. Во Франција, значителен дел од населението се чувствува игнорирано од политичарите, а некои од нив, во текот на интервјуа го карактеризираат учеството на граѓаните како чин на празна комуникација, без никакво влијание врз донесувањето одлуки.[4] Следниот случај ги опишува активностите и ограничувањата на вклучувањето на јавноста.

**Учество на јавноста во нуклеарната централа во Багеј**

Во рамките на јавната дебата за нуклеарна централа во Багеј, дебатниот тим, верен на вредноста на CNDP (Commission Nationale du Débat Public — Национална комисија за јавна дебата во Франција за инклузија)[5], се обиде да обезбеди што е можно повеќе учесници, вклучително и оние наречени „отуѓена публика“, да бидат информирани и да учествуваат. Пристапот има за цел да гарантира инклузивна дебата, без оглед на употребениот метод. Оваа амбиција се заснова на два столба: достапност (на информации, простори и размена) и спроведување на специфични мерки што им овозможуваат на сите, вклучително и на оние кои се чувствуваат „нелегитимно или незаинтересирано“, да го остварат своето право на говор.

---

[4] https://shs.hal.science/halshs-04286040v1/document
[5] Националната комисија за јавна дебата (CNDP) е независен француски орган задолжен за обезбедување јавна партиципација во големи развојни и еколошки проекти. Таа гарантира транспарентност, инклузивност и демократска дебата преку организирање консултации и обезбедување насоки за партиципативни методи.

За да се одговори на овој предизвик, се претпочиташе пристап на ко-дизајн со локалните актери, организациите од локално ниво и нивната публика. Во оваа рамка, беа преземени неколку мерки:

- Создавање и користење на водич за дебатниот тим: „Правила за вклучување на маргинализирана/невидлива публика во дебатата EPR2 BUGEY“
- Изготвување на документ лесен за читање и лесно разбирлив (FALC) и негова дистрибуција до голем број социјални центри[6]
- Организирање на две мобилни дебати (учество на јавноста на улица) во области означени како „Приоритетни населби за урбана политика“ (QPPV) во Амберие-ан-Буге и Ојонакс.

Сепак, и покрај проактивниот пристап базиран на алатки, формати и методи што им овозможуваа на сите да се изразат и да бидат слушнати, одредени мерки не можеа да се спроведат:

- Работата започна во партнерство со Социјалниот центар „Ле Лавоар“ во Амберие-ан-Буже, како и со градските служби. По неколку подготвителни состаноци и ширење на информации, бил закажан ден за запознавање на локацијата на проектот. За жал, овој настан не можел да се одржи поради недоволно учесници.
- Втора специфична иницијатива била планирана и со затворот Бур-ан-Брес. И покрај неколкуте состаноци и спроведувањето на соодветна програма со давател на услуги, работилницата не можешело да се организира поради недоволно заинтересирани.

Зошто овој проект не поминал како што беше предвидено? Преку следниот пример, ќе видиме некои разлики во пристапите што ќе нè доведат до препораки за учество на јавноста[7] со фокус на учеството на „безгласните луѓе“.

**Најдобри практики од ЕУ и Франција: Група за инклузија „Феникс“**

Учеството во дебатата со и за публика која се смета за оддалечена од донесувањето одлуки било организирано преку група за вклучување во Нормандија и Горна Франција во рамките на „La mer en débat“ (Морето во дебата), во партнерство со европскиот проект H2020 Phoenix. Оваа група заеднички развива алатки и методи за учество на јавност која се смета за оддалечена од донесувањето одлуки. Тие создале комплет алатки. Но, за да се случи ова, времето и довербата се најважните фактори.

Всушност, во летото 2023 година, дебатниот тим, во соработка со Res Publica, францускиот менаџер на европскиот проект, контактирал со социјалните центри и други социјални здруженија во засегнатите региони. Овој дијалог довел до формирање на разновидна група од 25 луѓе, со различна возраст и искуство (волонтери, вработени или корисници на објекти) и кои доаѓале од трите региони во близина на северниот брег: Нормандија, Горна Франција и Ил де Франс.

[6] Во францускиот контекст, социјалните центри (centres sociaux) се заеднички институции кои промовираат општествена кохезија и граѓанска вклученост, особено во помалку развиените населби. Тие нудат услуги како поддршка за семејства, образование и јавен дијалог и често служат како клучни партнери во иницијативите за инклузивно учество.
[7] Bresson, S. (2022). Прикажување на тешкотиите во граѓанското учество. Во *Разочарувањата од граѓанското учество: Урбани практики, моќ и легитимитети*. Универзитетска издавачка куќа Франсоа Рабле. Достапно на: https://shs.hal.science/halshs-04286040v1/document

Групата имала три цели: да ги собере ставовите на луѓето кои се оддалечени од јавната дебата и покрај нивната географска близина, да овозможи јавната дебата да се прошири на засегнатите територии и да го зајакне учеството и влијанието на граѓаните.

На крајот, учесниците во групата за инклузија организирале иницијативи на своите територии преку прилагодени ресурси и алатки. Тие ги собрале гласовите на жителите на работничките населби или ранливите заедници, како што се:

- На „Смешната забава“ на море во Денкерк на 30 јануари учествувале околу 100 лица со попреченост и млади луѓе кои го напуштиле училиштето.
- На територијалното собрание на социјалните центри во Па де Кале учествувале околу 50 луѓе во два наврати во февруари и март 2024 година.
- На 27 март во социјалниот центар „Анри Матис“ во Кале се одржал граѓански појадок на море, на кој присуствувале 20 лица.
- Еден ден исполнет со дискусии во кафулето „Дороти“ на 7 април собрал околу 20 луѓе.
- Морскиот фестивал организиран од здружението „Оксиген“ на 13 април во Невил-ле-Дип привлекол околу 50 луѓе.

Резултатите се следниве: повеќе од 150 луѓе од ранливи заедници биле вклучени во процесот и станале „амбасадори“ во нивната населба. Нивните придонеси и аргументи биле земени предвид во јавниот извештај од дебатата, кој беил доставен до властите. Ова силно учество било остварливо благодарение на најдобрите практики и препораките дадени од самите учесници за време на партиципативната евалуација со лидери на пилот-проектот и практичари на исто ниво како и учесниците (Кармен Буле де Сантијаго, Гијом Геснон).

**Вклучување во рана фаза во дизајнирањето политики: Лекции од Естонија**

Ревизијата на Законот за заштита на природата (2016–2018) во Естонија нуди убедлив модел за вградување на учеството на јавноста на почетокот на креирањето политики за животната средина. Наместо да го ограничи вклучувањето на подоцнежните фази на консултации, естонската влада активно ги вклучила граѓаните, невладините организации, научните експерти и општинските власти уште од почетната фаза на дизајнирање. Во текот на процесот се формулирале одредбите за заштита на биодиверзитетот и управувањето со подрачјата од Натура 2000 во согласност со новите европски обврски. Инфографикот подолу ја илустрира координацијата на повеќе нивоа што овозможи придонес од граѓаните уште од најраните фази:




*Слика3Учество на засегнатите страни во ревизијата на Законот за заштита на природата на Естонија (2016–2018)*

- **Иницирано од** Министерство за животна средина и Академија за е-управување
- **Извори на финансирање**: фондови на ЕУ (ЕРДФ, ЛИФЕ), национален буџет, меѓународни невладини организации
- **Алатки за јавно ангажирање:** Работилници, онлајн платформи и експертски консултации
- **Скала на учество:** Над 3.000 граѓани поднесоа предлози, а амандманите на заедницата беа вклучени во конечниот закон

Овој проактивен пристап покажува како комбинирањето на ангажманот во рана фаза со разновидни извори на финансирање може да поттикне транспарентно, одговорно законодавство за животната средина. Се поттикнала заедничка одговорност за резултатите од политиките и била создадена широка доверба во институциите.

За разлика од недоволниот број претставници на локалните зааедници во Ресен или незаинтересираноста за дебатата за нуклеарната централа Бугеј, проактивната стратегија на Естонија им овозможила на засегнатите страни да учествуваат во креирањето решенија – докажувајќи дека раното вклучување може да ја зголеми легитимноста и да ја намали недовербата. За Ресен, тоа нуди репер за дизајнирање на идните процеси на партиципативни политики - особено кога е поддржано од дигитални алатки и инклузивен досег.

**Усогласување базирано на случаи со барањата на ЕУ за учество на јавноста во Ресен и ЕУ**

Извештајот за проценка на потребите претставува серија студии на случај - и успешни и неуспешни - од Ресен и земјите-членки на ЕУ. Овие примери даваат практични сознанија за тоа како учеството на јавноста се спроведува во моментов и каде тоа отстапува од очекувањата на ЕУ. Со поврзување на овие наоди со критериумите за пристапување, извештајот служи како дијагностичка и стратешка алатка за усогласување.

*Табела2Како студиите на случај ја поддржуваат усогласеноста со референтните вредности на ЕУ*

| **Репер на ЕУ** | **Сознанија од студии на случај** | **Придонес за усогласување** |
|---|---|---|
| **Директива 2003/35/ЕЗ** (Рамка за учество на јавноста) | Примерите од Ресен покажуваат делумна правна транспозиција, но слаба процедурална имплементација | Ги истакнува празнините помеѓу законот и практиката; го информира дизајнот на комплетот алатки за операционализација на правата |
| **Директива 2011/92/ЕУ** (ОВЖС) | Случаите од ЕУ покажуваат структурирани консултации; Ресен покажува доцна или ограничена ангажираност | Ја потврдува потребата за учество во рана фаза и стандардизирани процедури |
| **Директива 2001/42/ЕЗ** (СОЖС) | Измешани резултати во Ресен во однос на мапирањето на засегнатите страни и повратните јамки | Поддржува развој на инклузивни формати за консултации и визуелни алатки |
| **Директива 2010/75/ЕУ** (Индустриски емисии) | Примерите од ЕУ покажуваат транспарентно издавање дозволи; Ресен нема јасност и досег до јавноста | Ја зајакнува потребата за достапна документација за дозволи и одржување јавни канали за коментари |
| **Меѓусекторски критериум: Пристап до правда** | Случаите на ЕУ покажуваат вклученост на невладините организации и правни лекови; Ресен покажува ограничена свест | Насочува кон правна и процедурална јасност во модулите на комплетот алатки |
| **Меѓусекторски критериум: Вклучување на ранливи групи** | Примерите од Ресен откриваат недоволна застапеност на ранливите заедници | Бара насочени стратегии за информирање и инклузивни карактеристики на дизајнот во комплетот алатки |

## Процеси со потенцијал за пилотирање на употребата на комплетот алатки за учество на јавноста

За да се обезбеди ефикасно пилотирање на комплетот алатки за учество на јавноста, процесите треба да се избираат врз основа на разновидноста на засегнатите страни,

потенцијалот за вклучување и институционалната подготвеност. Некои клучни фактори вклучуваат:

- **Иницијативи за општинско планирање**– Проектите што бараат широк придонес од заедницата, како што се урбаниот развој, зачувувањето на животната средина и планирањето на инфраструктурата, можат да послужат како идеални пилот-проекти.
- **Ангажман специфичен за секторот** –Програмите насочени кон земјоделците и давателите на услуги за одржлив туризам можат да пилотираат прилагодени методи на учество, обезбедувајќи инклузивно донесување одлуки.
- **Консултации за реформа на политиките** –Законодавни процеси што бараат повратни информации од јавноста, како што се локалните прописи за животна средина

Со оглед на обемот на можни интервенции, најсоодветни области за тестирање на комплетот алатки за учество на јавноста се општинското планирање и вклучувањето на специфични сектори. Ова усогласување гарантира дека партиципативните механизми се интегрирани во практичните рамки за управување, а воедно ефикасно се справуваат со потребите на засегнатите страни. Следните иницијативи на УНДП/ЕУ за Преспа и плановите за одржлив локален развој на општината нудат потенцијални пилот-можности:

**Преглед на активностите на ЕУ за Преспа / УНДП**

Програмата на ЕУ за Преспа / УНДП се фокусира на упраување со животната средина, одржливо земјоделство, подобрувања на инфраструктурата и прекугранични напори за зачувување:

- **Реставрација на природни ресурси и одржливо земјоделство** –Дава приоритет на зачувувањето на биолошката разновидност, намалувањето на загадувањето и одржливите земјоделски практики - кои вклучуваат модерни системи за наводнување, надградба на механизацијата и автоматизација, кои вообичаено не бараат вклучување на јавноста.
- **ЕУ за подобрување на инфраструктурата во Преспанскиот регион** –Опфаќа собирање и третман на отпадни води во шест села, граничниот премин Маркова Нога и управување со цврст отпад, вклучувајќи набавка на опрема, надградби на софтвер и активности за градење капацитети. Формалните процедури за учество на јавноста (проценки на влијанието врз животната средина, стратешки евалуации) веројатно се завршени, а проектите се во фаза на спроведување. Јавниот придонес останува ограничен на теренски консултации со домаќинствата засегнати од развојот на инфраструктурата.
- **Стратегија и план за прекугранично заштитено подрачје** –Има за цел да ја подобри прекуграничната соработка и да развие долгорочна рамка за управување со животната средина во Преспа паркот. Сепак, бидејќи проектот е во напредна фаза, не е погоден за пилотирање на комплетот алатки за учество на јавноста.

**Потенцијални области за пилотирање на комплет алатки за јавно учество**

1. **Одржлив туризам во национални паркови:** Компонентата за обнова на природните ресурси го поддржува Националниот парк Галичица во развојот на патеки за пешачење и велосипедизам што ги поврзуваат Галичица и Пелистер. Иако вклучувањето на јавноста не е законски задолжително, вклучувањето би можело

да биде отворено за жителите и засегнатите страни, бидејќи патеките минуваат низ заштитени подрачја на националниот парк. Елаборатите за заштита на животна средина што ќе се работат за оцена на влијанијата од избраните траси на патеките, може да бидат придружувани со доброволни консултации со јавноста.

2. **Развој на туристички сместувачки капацитети:** Проектот на ЕУ за Преспа вклучува грантови шеми за изградба на одржливи туристички сместувачки капацитети како што се хостели, вили, реновирани селски куќи и колиби. Бидејќи Елаборати за заштита на животната средина се задолжителни за повеќето сместувачки капацитети, јавноста би можела да се вклучи, за да се дискутира за влијанијата врз животната средина од планираните зафати.

Имајќи ги предвид кумулативните ефекти од истовремениот развој на туристичката инфраструктура, вклучувајќи ги и проектите во рамките на териториите на националните паркови, вклучувањето на јавноста може да биде оправдано.

3. **Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) –**Општина Ресен, тековниот LEAP за Општина Ресен е истечен, а неговото ажурирање е закажано за 2026 година. Ова претставува клучна можност за проектот за клиатска и еколошка правда (CEJ) да се вклучи и да го тестира комплетот алатки за учество на јавноста, обезбедувајќи структурирано вклучување во планирањето на животната средина.
4. **План за управување со паркот Езерани**– Активноста е идентификувана за време на Работилницата за валидација одржана на 3 јули 2025 година; оваа претстојна иницијатива за планирање се појави како навремена можност за пилотирање на комплетот алатки. Бидејќи изборот на изведувач сè уште е во тек и за планот за управување и за неговата придружна Стратешка оценка на животната средина (СОЖС), засегнатите страни се согласија дека раното вклучување на тимот на CEJ би можело да овозможи инклузивно вклучување - потенцијално служејќи како можност за тестирање на комплетот алатки за учество на јавноста.

## 5. ПРЕЧКИ ЗА УЧЕСТВО

Јавното вклучување во управувањето со животната средина се соочува со повеќекратни предизвици, како што се системски/институционални и организациски ограничувања, како и пречки на индивидуално ниво. Тие влијаат врз довербата на граѓаните, транспарентноста и одржливото вклучување на јавноста во креирањето политики.

### Системски, организациски и индивидуални предизвици

**Системски пречки**

- **Ограничена транспарентност и бирократска неефикасност**– Општинските власти честопати донесуваат одлуки избегнувајќи значително спротивставување на јавноста, со што се намалува довербата на граѓаните и се обесхрабрува активното учество.
- **Политичко влијание и изборни циклуси** –Промената на политичките приоритети го намалува фокусот на долгорочно граѓанско ангажирање, што доведува до намален интерес за учество на јавноста.
- **Симболично учество и процедурални ограничувања** –Некои процеси на јавна консултација се чисто процедурални, не нудејќи вистинско влијание, предизвикувајќи граѓаните да се чувствуваат исклучени од значајно влијание врз донесувањето одлуки.

**Пречки поврзани со ниска свест**

- **Недостаток на свест и пристап до информации**– Многу граѓани имаат проблем да ги разберат еколошките прашања, што ја ограничува нивната способност да се вклучат во регулаторни дискусии.
- **Дезинформации и лажни информации** –Конфликтните медиумски наративи и политички мотивираната пристрасност во известувањето ги збунуваат иили ревилтираат граѓаните, што негативно се одразува на ефективноста на учество во донесувањето одлуки.
- **Сложеност на еколошките прашања** –Многу теми бараат техничка експертиза, што спречува поширок ангажман без специјализирано знаење или дополнително образование.

**Индивидуални и социо-економски пречки**

- **Финансиска нестабилност и давање приоритет на егзистенцијата**– Земјоделците и лужето со ниски приходи го ставаат преживувањето на прво место, што ја ограничува нивната можност активно да се вклучат во консултации за животната средина.
- **Одложена компензација и институционална неефикасност** –Нерешените финансиски проблеми и бавните владини мерки ја еродираат довербата на граѓаните, обесхрабрувајќи го учеството.
- **Недоволна ангажираност и недоверба** –Многу граѓани се чувствуваат немоќни, верувајќи дека нивниот придонес не води до опипливи промени, што поттикнува граѓанска апатија.

**Финансиски пречки**

- **Ограничувања на општинскиот буџет**– Учеството на јавноста е скапо и бара дополнителни средства за проширување на напорите за информирање и одржување на повеќестепени консултации.
- **Ограничувања на финансирањето на граѓанските организации** –Организациите на локално ниво немаат доволно финансиски ресурси, што го спречува широкото вклучување на заедницата.

**Културни пречки**

- **Географски разлики**– Жителите на селата во близина на крајбрежјето помалку се ангажирани, (потребни се насочени активности за нивно вклучување), додека заедниците подалеку од брегот поседуваат поизразени претприемачки вештини и може полесно да се поттикнат да се вклучат.
- **Традиционални родови улоги и динамика на домаќинствата** –Жените постепено го подобруваат својот социо-економски статус во семејствата, но на почетокот на програмите за обука, многу жени се двоумеле да го споделат своето новостекнато знаење со машките членови на семејството. Ова ги истакнува длабоко вкоренетите културни пречки кои бараат структурирани иницијативи за градење доверба.

**Влијание на демографијата врз нивоата на учество**

**Миграција на младите и локално ангажирање** – Многу млади луѓе заминуваат во други градови на школување, што го оневозможува долгорочното граѓанско вклучување во локалните еколошки проекти.

**Рурална наспроти урбана динамика**–Руралните заедници првично се спротивставуваат на ангажманот, но постојаната теренска работа поттикнува доверба, трансформирајќи ги во силни сојузници.

**Финансирање, комуникациски вештини и прекугранични ограничувања идентификувани од општина Ресен**

Покрај системските и социо-економските пречки, Општина Ресен нагласува три стратешки ограничувања што го попречуваат инклузивното и ефикасно управување со животната средина:

- **Недостаток на национална поддршка за процесите на учество на јавноста –** Општинските службеници ја изразија потребата од насочена помош од Министерството за животна средина и просторно планирање, особено во обезбедувањето средства и техничка експертиза за дизајнирање и спроведување процеси за учество на јавноста. И покрај активното вклучување на Ресен во управувањето со заштитените подрачја и координирањето на еколошките иницијативи, општината нема доволна поддршка на национално ниво за да ги подобри процесите за вклучување на јавноста.
- **Недоволна прекугранична соработка во Преспанскиот регион**– Иако соработката во рамките на Паркот Преспа се одржува на високо ниво преку формални трилатерални состаноци, општинските актери го истакнаа отсуството на структурирана комуникација на техничко ниво. Тие повикаа на посилно вклучување и од Министерството за животна средина и просторно планирање и од Министерството за надворешни работи, нагласувајќи ја важноста од одржување редовни комуникациски канали со нивните колеги во Албанија и Грција за заедничко управување со природните ресурси што ги споделуваат.

- **Несоодветен кадровски капацитет за комуникација –**Општинските еколошки тимови имаат потреба од специјализирана обука за комуникација и информирање, за да можат ефикасно да ангажираат разновиден спектар на засегнати страни - вклучувајќи ги локалните земјоделци, претставниците на граѓанските организации, жените, младите ранливите заедници. Зајакнувањето на овие вештини би го подобрило дијалогот, би ја поттикнало довербата и би овозможило поодговорно управување со животната средина.

**Предизвици со кои се соочуваат организациите на граѓанското општество во ангажирањето на јавноста**

**Финансирање и ограничувања на капацитетот**– Недостатокот на постојан персонал во организациите на локално ниво и ограничените буџети ги попречуваат напорите за ангажирање на заедницата.
**Институционален отпор кон транспарентноста** –Некои службеници се спротивставуваат на партиципативните модели, претпочитајќи затворени процеси на донесување одлуки.
**Влијание на медиумите и јавна перцепција** –Сензационалистичкото известување понекогаш погрешно ги претставува проектите, поткопувајќи ја довербата на јавноста во политиките за животна средина.

# 6. МОЖНОСТИ И НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ

Јавното вклучување во управувањето со животната средина бара структурирана рамка, насочена информираност и институционална поддршка за да се поттикне долгорочното вклучување на граѓаните. Развиени се различни стратегии за зајакнување на учеството, транспарентноста и соработката со засегнатите страни.

## Постоечки алатки за унапредено учество

Акцискиот план за донесување одлуки во животната средина од 2017 година, споменат погоре, обезбедува основа за проширување и подобрување на партиципативните практики во Ресен. Неколку елементи се издвојуваат како репликативни добри практики или почетни точки за интегрирање во комплетот алатки:

- **Фазна рамка за учество:** Планот дефинира јасни фази — планирање, анализа, ревизија, донесување одлуки и имплементација — секоја со соодветни цели за учество. Оваа структура може да се прилагоди за примена во комплетот алатки, обезбедувајќи конзистентност во општинските процеси.
- **Работни групи со повеќе чинители:** Вклучувањето на граѓански организации, технички експерти и општинска администрација во заеднички планерски сесии претставува колаборативен модел кој може да се формализира и прошири.
- **Мерки со низок трошок и висок ефект:** Планот дава приоритет на активности кои бараат минимални финансиски средства, но имаат значајна видливост и ангажман, како кампањи за подигање свест, партиципативно мапирање и механизми за повратни информации.

Овие елементи може да се интегрираат во претстојниот алатник за јавно учество за да се засили локалната сопственост и одржливоста.

---

## Други идентификувани стратегии и алатки за унапредување на учеството

Овие пристапи можат да се категоризираат врз основа на форми на ангажман, методи на комуникација, формални институционални рамки и напори за градење капацитети.

**Форми на ангажман (форуми, работни групи, ЛАГ, совети)**

Механизмите за структуриран дијалог обезбедуваат граѓаните активно да придонесуваат во донесувањето одлуки преку соработка со засегнатите страни и организирани форуми:

**Форуми на заедницата**– Се користат во Преспанскиот регион во проекти и иницијативи поддржани од ЕУ и Швајцарија, обезбедувајќи платформа за јавни дискусии и приоретизација на проекти.
**Локални акциски групи (ЛАГ)** –Првично воспоставени со помош на USAID, сега функционираат како независни граѓански организации, кои ги артикулираат ставовите на засегнатите страни преку проектни активности.
**Локални економско-социјални совети (ЛЕСС)** –Служат како платформи за консултации, поттикнувајќи широко вклучување на засегнатите страни во управувањето.
**Работни групи** –Наменети се за вклучување на засегнатите страни, но им недостасува транспарентност и континуитет, што ја ограничува нивната ефикасност.

**Граѓанска и насочена информираност (МЕД, Еко Герила Преспа и волонтерски акции предводени од граѓани)**

Иницијативите за директно ангажирање градат доверба, мобилизираат граѓани и овозможуваат правилно и навремено застапување:

**Локален ангажман на МЕД со жителите на селото –**Изградена е доверба и зголемена е свеста за зачувување на мочуриштата, со акцент на заштитата на екосистемот и одржливите практики. Преку теренски посети, едукативни работилници и директни интеракции, МЕД поттикна подлабока врска меѓу заедниците и нивната околина.
**Иницијативи базирани на заедницата на Еко Герила Преспа**– Интегрираат еко-акции во сите проекти, ја подигаат свеста за одржливо управување со отпад, градат еколошки активизам и доверба. Ангажираат млади и волонтери–Младите застапници ги мобилизираат заедниците, залагајќи се за одржливост и заштита на животната средина.
**Здружение на овоштари** –Користат социјални медиуми, е-пошта и лична интеракција за да ги ангажираат членовите и да обезбедат директно учество во клучни дискусии. Тие користат регионални состаноци.–се одржуваат во повеќе центри во заедницата, со што се подобрува пристапноста, додека критичните прашања се дискутираат во општинските сали, кога се обезбедува максимално учество.

**Формални институционални стратегии (рамки за планирање и политики)**

Процесите спроведувани од надлежните институции овозможуваат долгорочна одржливост и структурирано вклучување на јавноста. Планови за вклучување на јавноста на општините  се вградени во стратегиите за управување со отпад, вода и природа, и доколју правилно се спроведуваат, може да обезбедат висок досег во специфичен сектор.

**Градење капацитети и зајакнување на ГО (CIVICA Mobilitas)**

Зајакнувањето на организациите на граѓанското општество (ГО) овозможува долгорочна одржливост на партиципативните напори: обезбедува финансирање и стратешка поддршка, помагајќи им на ГО во проширување на напорите за застапување, спроведување кампањи за подигнување на свеста и мобилизацијата на заедницата.

**Корисни партнерства и соработки**

Подобреното учество на јавноста се потпира на формални општински партнерства, и соработка водени од проекти и потенцијални идни совоспоставена во текот на проектни активности:

**Формални општински партнерства**– Институционализирано преку Меморандуми за разбирање (MoU), со што се обезбедува долгорочна соработка со институциите за животна средина. Општина Ресен воспостави формални партнерства со Хидробиолошкиот институт, Националниот парк Галичица, Македонското еколошко друштво (МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО (МЕД)) и Еко Герила Преспа, што помага да се обезбеди финансирање на проектот и да се вклучат засегнатите страни.

**Неформална, проектно-водена соработка** –Воспоставени во рамките на специфични иницијативи, фокусирајќи се на насочено ангажирање и градење капацитети, вклучувајќи:

- УНДП и земјоделски производители – Го олеснува усвојувањето на технологијата и подобрувањата во одржливото земјоделство, зголемувајќи ја отпорноста и ефикасноста на земјоделските култури.
- УНДП и даватели на услуги за одржлив туризам – Поддржува инфраструктура за екотуризам, сместувачки капацитети и пристап до пазари, зајакнувајќи ја одржливоста на регионалниот туризам.

**Потенцијални идни партнерства** –Препознаени како вредни можности, кои потенцијално може да се искористат во управувањето со животната средина. Примери вклучуваат: партнерства помеѓу општината и овоштарите, жените од руралните средини, младинските центри итн.

**Технологија и дигитални платформи во учеството**

- **Зголемена пристапност и ефикасност**– Дигиталните платформи го поедноставуваат јавниот ангажман, проширувајќи го вклучувањето на граѓаните во дискусиите за политиките.
- **Предизвици за руралните и старите заедници** –Ограничената дигитална писменост и пристапот до интернет го попречуваат користењето на технологијата, барајќи традиционални методи на ангажирање.
- **Земјоделци и дигитална писменост** –Земјоделците во Ресен покажуваат високи дигитални вештини, што им овозможува полесен пристап до пазари, примена на практики за одржливост и стратегии за прилагодување кон климатските промени.
- **Балансирање на дигиталните и конвенционалните методи**– Комбинирањето на дигиталните алатки со традиционалниот пристап до информации обезбедува инклузивно вклучување на сите демографски групи.

**Политичка и институционална поддршка за учество на граѓаните**

**Правна рамка**– Националните закони налагаат вклучување на граѓаните, иако имплементацијата варира во различни општини.
**Општински и регионални иницијативи** –Општина Ресен напорно работи за зголемување на учеството, иницирајќи обемни консултации и вклучување на засегнатите страни.
**Свест за правата на граѓаните** –Едукативни програмите за застапување помагаат да се остварат правата на учество и да се зајакне вклученоста на граѓаните.
**Предизвици и фактори за имплементација** –Политичката волја, транспарентноста и континуираниот ангажман се клучни за ефективно учество на јавноста.

**Препораки за зајакнување на учеството на јавноста**

Зголемувањето на јавниот ангажман во општина Ресен бара повеќестран пристап, комбинирајќи транспарентна комуникација, градење на институционални капацитети, финансиска поддршка, инклузивна информираност, континуирано ангажирање и економска стабилност.

**Транспарентна комуникација и градење доверба**

- **Развивање на структурирана комуникациска стратегија**– Прилагодување на информациите на различните групи на засегнати страни, обезбедувајќи јасни, достапни и инклузивни пораки низ руралните и урбаните заедници.
- **Зајакнување на соработката со медиумите**– Соработка со локални медиуми, платформи на заедницата и ресурси за борба против дезинформациите, зајакнато информирање и одржување култура на транспарентност.
- **Давање приоритет на интерактивни формати за учество**– Да се заменат формалните консултации со воведување практични работилници, онлајн консултации, форуми предводени од граѓани и иницијативи за проактивно ангажирање, за да се поттикне активен дискурс и соработка: како што беше нагласено за време на Работилницата за валидација, неформалните средини како што се саемите, велосипедските возења и иницијативите предводени од училиштата се покажаа како вредни за градење доверба и допирање до заедниците кои традиционално се оддалечени од донесувањето одлуки.
- **Зајакнување на директниот дијалог со граѓаните**– Создавање канали за комуникација на отворени врати со општинските лидери, обезбедувајќи одговори во реално време на проблемите на граѓаните и овозможување структурирани повратни информации.

**Институционална поддршка за учество на граѓаните**

- Учесниците за време на Работилницата за валидација изразија загриженост во врска со „заморот од учество“ и недоследни покани, потенцирајќи ја потребата од воспоставување соодветни конумикациски канали и објавување на резултатите од консултациите со вклучен придонес на граѓаните.

**Целна информираност и инклузивно учество**

- **Искористување на постоечки мрежи**– Зајакнување на партнерствата со Архус центарот, младинските центри, граѓанските организации, здруженијата на жени од рурални средини, земјоделските задруги и бизнис групите, обезбедувајќи разновидна застапеност на засегнатите страни.
- **Усогласување на стратегиите за учество на јавноста со приоритетни прашања на граѓаните**– Прилагодени формати за учество на теми што директно влијаат врз граѓаните (на пр., грантови за земјоделци, намалување на загадувањето, управување со отпад, развој на инфраструктурата).
- **Овластување на локалните лидери**– Препознавање на клучни поединци кои ги движат промените, нудејќи им поддршка за иницијативи на локално ниво, програми за менторство и лидерство за решенија раководени на локално ниво.
- **Проширување на руралниот и крајбрежниот опфат**– Различни стратегии за вклучување за заедниците во близина и подалеку од езерото, обезбедувајќи прилагодени пристапи врз основа на нивоата на еколошка свест и претприемачките вештини.
- *Дискусиите за време на работилницата за валидација потврдија дека локално релевантните пораки и личните интеракции честопати се поефикасни од формалните најави или само дигиталните кампањи.*

**Континуирано и инклузивно ангажирање**

- **Воведување на тековни консултации**– Да се надмине само сослушувањето на единечни настани преку воспоставување структурирани модели на ангажман, обезбедувајќи континуирано вклучување на граѓаните во текот на развивањето на политиките.

- **Обезбедување транспарентност во прифаќањето на коментари и забелешки од јавноста**– Развивање на механизми каде што јавниот придонес е документиран и соодветно интегриран во општинските политики и управувањето со животната средина.
- **Задолжителни стратешки проценки на животната средина (СОЖС)** и воведување на учество на јавноста за проценки на влијанијата врз животната средина со мал обем во текот на Елаборати за заштита на жиотната средина– измена на законот што ќе ја зголеми транспарентноста, одговорноста на општините и приватниот сектор и ќе го зголеми обемот на учество во креирањето политики за животната средина.
- **Проширување на достапноста во форматите за консултации**– Обезбедедување поедноставени материјали и хибридни структури за состаноци за да се обезбеди широко учество низ сите демографски групи.

**Зајакнување на земјоделската и економската стабилност**

- **Поддржување на моделите за договорно земјоделство**– Гарантирање на стабилноста на цените и предвидливоста на пазарот за овоштарите, овозможубајќи економска безбедност и одржливо земјоделство.
- **Промовирање на јавно-приватни партнерства**– Интегрирање на економската одржливост со управувањето со животната средина, обезбедувајќи взаемна корист за бизнисите и заедниците.
- **Подобрување на стратегиите за адаптација на климата**– Зајакнување на иницијативите за заштеда на вода и напорите за намалување на пестицидите за да се обезбеди долгорочна отпорност на животната средина.
- **Олеснување на пристапот до финансирање за малите земјоделци**– Поедноставување на процесите за аплицирање за грантови, со што ќе се обезбеди достапна финансиска помош за руралните земјоделски работници.

**Институционален капацитет и стабилност на лидерството**

- **Обезбедување експертиза и ресурси на општинските службеници, инспекторите за животна средина и лидерите на заедницата**– Зајакнување на програмите за обука и платформите за споделување знаење за подобрување на институционалната ефикасност.
- **Минимизирање на нарушувањата во лидерството**– Справување со честите промени на персоналот преку стратегии за континуитет на лидерството и пристапи за долгорочно управување.
- **Спроведување на институционални реформи за разјаснување на улогите**– Елиминирање на преклопувањето на одговорностите и префрлањето на вината преку воспоставување јасни структури на управување, обезбедување отчетност, транспарентност и институционална ефикасност.
- **Проширување на меѓуагенциската соработка**– Зајакнување на соработката меѓу општините, граѓанските организации, академските институции и локалните групи за застапување, обезбедувајќи координирани напори за управување.

**Финансиска и логистичка поддршка**

- **Обезбедено долгорочно финансирање**– Мобилизирање на меѓународни донатори, национални програми и општински буџети за да се обезбедат различни можности за вклучување на граѓаните.

- **Обезбедена постојана финансиска и логистичка поддршка**– Зајакнување на локалните граѓански организации преку општински програми за застапување, волонтерски иницијативи и проекти за градење капацитети.
- **Олеснување на општинската помош за волонтерски акции за чистење**– Покривање на транспортот, отстранувањето на отпадот и финансирањето на настаните за да се поттикне вклучувањето на јавноста, намалувајќи ги пречките за учество
- **Воведување финансиски стимулации за учество**– обезбедување микро-грантови, финансирање на проекти предводени од граѓани и инвестиции водени од заедницата за мотивирање на активно граѓанско учество.

**Модели на институционално финансирање за учество на јавноста (Франција)**

**Структурираните механизми за финансирање,** може да обезбедат значајно вклучување на граѓаните. Во Франција, кога учеството на јавноста е законски потребно - особено во големи инфраструктурни или еколошки проекти - процесот го управува Националната комисија за јавна дебата (CNDP), независно тело посветено на гарантирање транспарентна и инклузивна дебата.

Овие процеси предводени од CNDP се финансираат преку два различни канали:

1. **Државно финансирање за гаранција на неутралноста:** Француската влада ги покрива трошоците за назначување гаранти - независни лица задолжени за надгледување на правичноста и транспарентноста на процесот на учество. Овие гаранти не претставуваат ниту една страна; тие дејствуваат како фасилитатори од трета страна и добиваат надомест (indemnité) за исполнување на оваа улога.
2. **Оперативни трошоци покриени од иницијаторот на проектот (или државата за јавни политики):** Носителот на проектот - обично индустриски инвеститор - или државата (кога процесот вклучува национална политика) ги финансира логистичките компоненти на учеството. Ова вклучува:

    - Изнајмување простор за јавни состаноци или консултации
    - Производство и дистрибуција на комуникациски материјали
    - Покривање на работата на надворешни фасилитатори или подизведувачи ангажирани од CNDP

Овој двоен модел обезбедува и независност и отчетност: додека државата одржува надзор преку неутрални фасилитатори, носителот на проектот е одговорен за овозможување достапно и добро обезбедено вклучување на јавноста. Тоа е структура што го вградува учеството во правните и финансиските аспекти на развојот на проектот - претворајќи го граѓанскиот ангажман од дискрециона активност во регулиран демократски стандард.

**Структури за поддршка на национално ниво за учество и акција за животна средина во Франција**

Покрај структурираните механизми за финансирање како оние што ги надгледува CNDP, Франција има корист од централните институции кои обезбедуваат и финансиска и техничка поддршка на локалните власти - помагајќи да се премостат празнините во капацитетите и да се одржи долгорочен ангажман.

Националната агенција за кохезија на територијата (ANCT) служи како национално координативно тело кое ги поддржува општините во дизајнирањето и спроведувањето на инклузивни, одржливи проекти. Нуди:

- **Технички и финансиски инженеринг** да им се помогне на локалните актери да пристапат до фондовите на ЕУ и националните фондови
- **Програми за обука** да се изгради капацитет во управувањето со иницијативи поврзани со кохезијата
- **Прилагодена поддршка** за рурална ревитализација, дигитална инклузија и еколошка транзиција

Улогата на ANCT како „фабрика за проекти“ им овозможува на општините да ги трансформираат локалните амбиции во финансирани, акциони планови - честопати преку поедноставени договорни рамки и партнерства со регионални агенции.

Француската канцеларија за биолошка разновидност (OFB) го надополнува ова со фокусирање на заштитата на биолошката разновидност и еколошкото управување. Таа обезбедува:

- **Научна и техничка експертиза за** видовите, екосистемите и еколошките ризици
- **Финансирање за проекти за биодиверзитет**, вклучувајќи иницијативи од мал обем во прекуокеанските територии
- **Поддршка за партиципативно зачувување**, граѓанска наука и еколошко образование

Заедно, ANCT и OFB илустрираат како институциите на национално ниво можат да ја децентрализираат експертизата и ресурсите, овластувајќи ги локалните самоуправи да водат партиципативни и еколошки здрави иницијативи. За Ресен, овие модели укажуваат на вредноста на воспоставување посреднички структури за поддршка кои комбинираат пристап до финансирање со практично водство - особено за општините кои се справуваат со сложен еколошки мандат, во услови на ограничен внатрешен капацитет.

# 7. КРИТЕРИУМИ ЗА ДИЗАЈН НА АЛАТКИ

За да се зголеми вклучувањето на јавноста, механизмите за учество мора да бидат достапни, инклузивни, практични и поддржани од ефикасни алатки за следење и евалуација. Овие критериуми за дизајн обезбедуваат структурирано, суштинско и одржливо вклучување на граѓаните во управувањето со животната средина и општинското планирање.

Комплетот алатки за јавно учество ќе служи како сеопфатен, структуриран водич насочен кон олеснување на ангажманот на граѓаните, обезбедување инклузивност и подобрување на резултатите од учеството. Врз основа на наведените критериуми, комплетот алатки веројатно ќе вклучува упатства, обрасци за информирање, методи на ангажман и алатки за следење прилагодени на различни групи засегнати страни.

## Пристапност

- **Поедноставени процеси на учество**– Поедноставени бирократски чекори, обезбедувајќијасни, чекор-по-чекор инструкцииза граѓаните да ги следат.
- **Споделување информации преку сметките за вода**– Вградување известувања за учество на јавноста и ажурирања на информации за животната средина во сметките за комунални услуги во домаќинствата за да се максимизира досегот.
- **Објавување и ширење на писмени информации**– Поставување јавни известувања, можности за учество и ажурирања на информациите за животната средина во цркви, градски плоштади и зелени пазари, осигурувајќи видливост во области со голема фреквенција на луѓе.
- **Ангажман базиран на заедницата**– Одржување форуми во училишта, културни центри и земјоделски центри, овозможување на достапност на учеството за рурални заедници.
- **Хибридни формати за состаноци**– Обезбедување опции за лично и дигитално учество, осигурувајќи дека засегнатите страни можат навремено да се приклучат на дискусиите.
- **Мултијазична и адаптивна комуникација**– Нудење преведени материјали за да се направи ангажман достапен за етнички малцинства, постари жители и лица со посебни потреби.

## Инклузивност

- **Справување со демографски специфични пречки**– Целна комуникација со жени, млади, заедници со ниски приходи и жители на руралните средини, имајќи ги предвид културните, социјалните и финансиските ограничувања.
- **Родово инклузивно учество**– Проширување на иницијативи што ја зајакнуваат улогата на жената во управувањето со животната средина.
- **Географска воедначеност во информирањето**– Развивање прилагодени стратегии за учество за крајбрежни населби (кои бараат поинаков пристап) и заедници лоцирани подалеку од брегот (користејќи ги прилагодливоста и претприемачките вештини на жителите)
- **Градење доверба во скептични заедници**– Примена на методите на МЕД и Еко Герила Преспа за директно ангажирање, локално застапување и лична интеракција заради зголемување на довербата на јавноста.

### Практичност

- **Чекор-по-чекор водичи за проценки на животната средина**, користејќи ресурси од Центарот Архус[8] платформа за поедноставување на сложените процедури.
- **Стимулации за вклучување на јавноста**, како што се програми за одавање признанија, за промовирање на долгорочно учество.

### Алатки за мониторинг и евалуација

- **Метрики за учество**– Следење на посетеноста на настаните, фреквенцијата на ангажманот и демографска анализа на учеството.
- **Задоволство на засегнатите страни**– Проценка на перцепциите на граѓаните за транспарентност, пристапност и одговорност на општините.
- **Мерење на влијанието**– Евалуација на тоа како јавниот придонес влијае на општинските одлуки, осигурувајќи дека придонесите на граѓаните водат до значајни промени.

### Механизми за повратни информации

**Дигитални алатки за следење на интеграцијата на придонеси и ставови на граѓани**– Користење:

- **Алатки за анкети** (Google Forms, Typeform, SurveyMonkey) за собирање повратни информации од јавноста.
- **Форуми за коментари** (општинска веб-страница и социјални медиуми) за отворени дискусии.
- **Отворени платформи за одговор** (FixMyStreet, SeeClickFix) за пријавување на еколошки проблеми и општински проблеми.
- **Итеративни подобрувања на учеството**– Прилагодување на стратегиите врз основа на директни повратни информации од заедницата, осигурувајќи дека вклученоста на граѓаните останува релевантна.
- **Структурирани системи за известување**– Воспоставување јавна документација што известува како повратните информации од граѓаните се интегрираат во политичките одлуки, за да се подобри транспарентноста и отчетноста.

**Дополнителни сознанија од практиката на ЕУ: Дизајн на инклузивно учество**

Врз основа на локалните искуства, следните сознанија извлечени од практиката на ЕУ - особено француската иницијатива за вклучување „Феникс“ и дебатите предводени од CNDP (ве молиме видете го делот за успешни и неуспешни партиципативни практики погоре) - ги истакнуваат критичните димензии за подобрување на пристапноста и претставувањето во партиципативното управување. Придружната табела ги претставува критериумите за дизајнирање на партиципативен сет на алатки што ги зема предвид различните потреби на јавноста, вклучувајќи ги недоволно застапените и „безгласните“ групи.

| **Учество на јавноста воопшто** | **Инклузивно учество на граѓаните** |
|---|---|
| 1. Бидете јасни во врска со рамката на учеството: цел, ограничувања, потреби, очекувани резултати и можни недостатоци. | |

[8] Формулари – Центар Архус – Скопје, Северна Македонија

<table>
<tr><th>Учество на јавноста воопшто</th><th>Инклузивно учество на граѓаните</th></tr>
<tr><td colspan="2">2. Од самиот почеток имајте јасен распоред: почетокот и затворањето на проектот мора да бидат однапред дефинирани и споделени со засегнатите страни и граѓаните. Треба да се почитуваат распоредите на другите, на секоја организација и да се даде исто ниво на информации.</td></tr>
<tr><td colspan="2">3. Идентификувајте ги засегнатите страни, здруженијата, лидерите на заедницата и интервјуирајте ги за да добиете претстава за приемот на партиципативниот процес и нивните потреби.</td></tr>
<tr><td colspan="2">4. Изберете адаптирани алатки за секој чекор од процесот: офлајн и онлајн</td></tr>
<tr><td colspan="2">5. Обезбедување информации на избалансиран начин во однос на содржината и должината</td></tr>
<tr><td colspan="2">6. Изградете доверба во споделените информации и процесот</td></tr>
<tr><td colspan="2">7. Размислете мудро за местото на одржување: симболично или пријателско, треба да се прилагодите на околностите и настаните: флексибилноста е важна.</td></tr>
<tr><td colspan="2">8. Изградете силен план за комуникација и имплементирајте го за да ги мобилизирате засегнатите страни и граѓаните. Бидете свесни дека секоја засегната страна и заедница мора да имаат специфична комуникација.</td></tr>
<tr><td>9. Користете ги сите класични комуникациски канали: постери, писма, е-пошта, веб-страницата на социјалните мрежи на проектот и општината</td><td>Одете во населбите и разговарајте со здруженија, излезете на улиците и објаснете зошто луѓето би имале корист од учеството.</td></tr>
<tr><td colspan="2">10. Надомест и буџет за патување (барем надомест на трошоци), кетеринг</td></tr>
</table>

**Родови прашања: недоволна застапеност на жените во јавните дебати и учеството на граѓаните**

И покрај сè поголемото признавање на значењето на инклузивното управување, жените и понатаму се значително недоволно застапени во јавните партиципативни процеси во Ресен и пошироко. Присуството на јавни расправи, консултации и работилници и натаму е претежно машко, што ги рефлектира пошироките општествени модели во кои јавниот простор и граѓанскиот дискурс се помалку достапни за жените. Неколку меѓусебно поврзани фактори придонесуваат за оваа нерамнотежа:

- **Културните ограничувања и традиционалните родови улоги** често ја ограничуваат видливоста и самодовербата на жените во јавни форуми. Во раните фази од обуките во рамки на проектот на УНДП/ЕУ за Преспа, многу жени изразија двоумење да споделат знаење со машки членови на семејството, што ја потенцира потребата од структурирани иницијативи за градење самодоверба.
- **Домашните обврски и економската несигурност** непропорционално влијаат врз можноста на жените да учествуваат, особено во руралните средини.
- **Машката доминација во динамиката на состаноците** — мажите почесто зборуваат и преземаат лидерски улоги — може да ја обесхрабри женската партиципација и да ја зајакне самодовербата во негативна насока.

Овие сознанија се усогласени со поширокиte истражувања за родова нееднаквост во граѓанското учество. Според Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE), родово чувствителното јавно учество бара намерни структурни прилагодувања, вклучувајќи инклузивен јазик, избалансирани можности за говор и целни стратегии за вклучување[9]. Стратегијата за родова еднаквост на Европската комисија (2020–2025) дополнително ја нагласува потребата од вклучување на родовата перспектива во сите политики на ЕУ, вклучувајќи ги граѓанското учество и управувањето[10].

Во Франција, Француската агенција за развој (AFD) усвои феминистички институционален пристап, интегрирајќи родови аспекти во сите поддржани проекти и промовирајќи алатки како немешани работилници, инклузивно пишување и директно вклучување на жени[11].

---

**Инклузивни практики и нови модели**

За да се надминат овие разлики, во Франција се пилотирани неколку ветувачки стратегии кои нудат корисни модели за примена во Ресен:

- **Неутрално и инклузивно пишување** во јавни материјали за избегнување родова пристрасност.
- **Изменично појавување на мажи и жени како говорници или поставувачи на прашања**, со цел балансирана видливост.
- **Немешани работилници и состаноци фокусирани на жените**, кои создаваат побезбедни простори за изразување ставови и градење самодоверба.
- **„Вон-собни“ модалитети**, како домашни посети, неформални средби и мобилни консултации, кои се особено ефикасни за допирање до жени што не присуствуваат на формални состаноци[12].
- **Поддршка на иницијативи предводени од жени**, како оние на Spirit of Prespa и Rural Women of Prespa, кои комбинираат заштита на животната средина со агротуризам и традиционално преработување храна, нудејќи економско зајакнување и граѓанска видливост.

Овие пристапи се усогласени со препораките од *Водичот за партиципација во насока на родова еднаквост*, развиен од Институтот за консултација и граѓанско учество (ICPC), кој ги сумира проверените стратегии како немешани работилници, инклузивен јазик и родово избалансирани техники за фасилитација[13].

---

[9] Европски институт за родова еднаквост (EIGE), Вклучување на родовата перспектива во Франција. Достапно на: https://eige.europa.eu/gender-mainstreaming/countries/france
[10] Европска комисија, Стратегија за родова еднаквост 2020–2025. Достапно на: https://commission.europa.eu/strategy-and-policy/policies/justice-and-fundamental-rights/gender-equality/gender-equality-strategy_en
[11] Француска агенција за развој (AFD), Родова еднаквост. Достапно на: https://www.afd.fr/en/themes/gender-equality
[12] Во Ресен, мобилни консултации може да се организираат преку контекстуално прилагодено вклучување, вклучувајќи посети на женски земјоделки за време на собирања во кооперативи, вклучување на жени на локални пазари или во заеднички центри, како и поставување на мобилни киосци или комбиња за дистрибуција на информации и собирање повратни информации.
[13] Водич за учество во насока на родова еднаквост, Институт за консултација и граѓанско учество (ICPC), 2024. Достапно на: https://i-cpc.org/wp-content/uploads/2024/03/GUIDE-DE-LA-PARTICIPATION-EN-FAVEUR-DE-LEGALITE-DE-GENRE-2.pdf

Програмата ЕУ за Преспа, имплементирана од УНДП, активно ги поддржа овие напори преку финансирање туристичка инфраструктура, обуки за земјоделци и бизниси предводени од жени. Овие иницијативи покажуваат дека насочени инвестиции и инклузивен дизајн можат да помогнат во надминување културни бариери и поттикнување значајно учество.

**Препораки за интегрирање во комплетот алатки**

За да се обезбеди родово одговорна јавна партиципација во еколошкото управување во Општина Ресен, претстојниот комплетот алатки треба:

- Да вклучи упатства за родово чувствителна фасилитација и шаблони за комуникација.
- Да промовира квоти или улоговна застапеност во партиципативните тела.
- Да поттикне соработка со женски организации во ко-дизајнирање стратегии за вклучување.
- Да интегрира индикатори за следење на родовиот баланс во учеството и донесувањето одлуки.

Со вградување на овие практики во општинските процеси, Ресен може да напредува кон целите за пристапување кон ЕУ и локалните заложби за инклузивен и одржлив развој.

**Присуство и учеството во јавните процеси**

Тоа покажува значителен родов јаз. Претежно машко, неколку фактори ја објаснуваат состојбата: јавниот простор е помалку феминизиран, жените имаат тенденција да се потценуваат во споредба со мажите, а мажите заземаат многу простор во дискусиите. Затоа е исклучително важно да се промовира учеството на жените преку балансирање на придонесите од публиката, директно повикување на жените да зборуваат, и нивно специфично таргетирање преку „вон-собни“ алатки. Акциите спроведени во Франција вклучуваат: неутрално пишување, изменично поставување прашања од мажи и жени, немешани работилници и состаноци фокусирани на женски гласови.

## Предвидена структура на комплетот алатки

Комплетот алатки за јавно учество ќе служи како сеопфатен, структуриран водич насочен кон олеснување на ангажманот на граѓаните, обезбедување инклузивност и подобрување на резултатите од учеството. Ќе биде модуларен и прилагодлив, овозможувајќи им на општините да ги прилагодат форматите врз основа на видот на проектот, капацитетот и потребите за информирање - одејќи подалеку од регулаторните процедури, а воедно намалувајќи ги и внатрешните барања за ресурси.

Врз основа на овие критериуми за дизајн, комплет алатки за јавно учество веројатно ќе вклучува:

**Водичи и упатства**– Детални упатства за:

- Процеси на учество на јавноста, правни рамки и најдобри практики
- Специфични насоки за засегнатите страни за вклучување во управувањето со животната средина

Дополнителни елементи на упатства произлезени од дискусиите одржани за време на Работилницата за валидација на проценката на потребите во јули 2025 година во Ресен:

- Стратегии за надминување на пречките за учество и навигација во општинските структури
- Локална обука за мобилизација за општинскиот тим: теорија и пракса (сценарио на случај)
- Предложете „Повелба за локално учество“ до Општинскиот совет
- Поттикнување загриженост кај населението - на пример, за влијанието на управувањето со отпадот врз секојдневниот живот, здравјето и околината. Поврзување на еколошките проблеми со видливи последици (на пр. комарци, лисици, азиски стршлени кои им штетат на пчелите и жетвата)
- Краток водич: Како да соработувате и да ги здружите напорите за учеството на јавноста да биде успешно
- Создавање модуларен партиципативен процес што општините можат да го адаптираат врз основа на проектот, напредувајќи подалеку од регулаторните формати и зачувувајќи ги истовремено институционалните ресурси.




*Слика4Модуларен пристап на учество: Три фази на ангажман*

Овој инфографик илустрира три прилагодливи фази на јавно учество - мобилизација, учество и отчетност - овозможувајќи флексибилни влезни точки за општините и засегнатите страни во заедницата.

**Обрасци и материјали за информирање**– Специфични алатки за комуникација, како што се:

- **Соодветно за секоја од засегнатите страни:** обрасци за покани за земјоделци, граѓански организации, женски здруженија и бизнис лидери.
- **Формати на соопштенија за медиумите** за најава на јавни расправи и други можности за вклучување на граѓаните.
- **Флаери за заедницата** со повеќејазични опции за пристапност.
- **Поставување јавни огласи на неформални места**— цркви, училишта, градски плоштади, зелени пазари

**Методи за зголемување на излезноста**– Докажани стратегии за подобрување на учеството, вклучувајќи:

- **Користење на неформални места за собирање** (пазари, цркви, градски сали) з аширење на информации.
- **Интерактивни методи на ангажман** (дигитални форуми, WhatsApp групи, SMS).
- **Учество базирано на стимулации**, одавање признанија или други нефинансиски стимулации за активни засегнати страни:
    - **Во фокусот на социјалните медиуми**– Истакнете активни засегнати страни преку објави на социјалните мрежи на општината, претставувајќи ги нивните придонеси.
    - **Сертификати и награди**– Обезбедетео фицијално признавање за граѓански ангажман, како на пример благодарници или почесни споменувања на општински настани.
- **Промоција на лидери на заедницата**– Објавувајте интервјуа или приказни за успех во локалните весници, општинските веб-страници или билтени, пофалувајќи ги придонесите на граѓаните.
- **Интервјуа со граѓани или приказни за успех** локални објави
- **Мапирање на структурно „оддалечени“ групи** (поради ограничена дигитална писменост, географска оддалеченост, јазични пречки итн.)

**Алатки за мониторинг и евалуација**– Структурирани механизми за проценка, вклучувајќи:

- **Упатства** за следење на учеството на настани и мерење на трендовите на ангажманот.
- **Клучни индикатори за перформанси (KPI)** прилагодено на управувањето со животната средина.
- **Одговори за повратни информации во реално време** прилагодени на стратегиите за учество.
- **Квалитативни и квантитативни индикатори**: број на учесници, разновидност, задоволство, суштинско влијание
- **Механизми за повратни информации и евалуација по учеството**, вклучувајќи структурирано следење со учесниците

## Стратешка улога во усогласувањето со управувањето во животната средина

Комплетот алатки за јавно учество што ќе се развие во рамките на Проектот за климатска и еколошка правда (CEJ) не е само инструмент за поддршка - туку е директен одговор на критериумите за пристапување во ЕУ за транспарентност, инклузивност и структурирано вклучување на граѓаните. Со вградување на комплетот алатки во два процеса на планирање во Ресен -**ЛЕАП ревизија (2026)** и **План за управување со паркот Езерани и СОЖС**— проектот оди подалеку од теоретското усогласување и демонстрира **практично усогласување** со директивите на ЕУ.

*Табела3 Како комплетот алатки и процесите на тестирање ги поддржуваат критериумите за пристапување во ЕУ*

| **Репер / Директива на ЕУ** | **Придонес за комплетот алатки** | **Придонес во процесот на тестирање** |
|---|---|---|
| **Директива 2003/35/ЕЗ** *(Рамка за учество на јавноста)* | Обезбедува структурирани формати за ран пристап до информации, повеќејазична комуникација и повратни информации | Тестирањето во живо во LEAP и СОЖС обезбедува операционализација на правата и процедурите, а не само правно транспонирање. |
| **Директива 2001/42/ЕЗ** *(СЕА)* | Нуди обрасци за мапирање на засегнатите страни, стратегии за информирање и адаптивни алатки за комуникација | Процесот на СОЖС за паркот Езерани станува практична демонстрација на структуриран, инклузивен ангажман усогласен со стандардите на ЕУ |
| **Меѓусекторски критериум: Вклучување на ранливи групи** | Интегрира родово сензитивна информираност и стратегии за географска еднаквост | Тестирањето во крајбрежните и копнените заедници го потврдува инклузивниот дизајн и идентификува подобрувања за поширока примена. |
| **Меѓусекторски репер: Мониторинг и евалуација** | Вградува метрики за учество, анкети за задоволство и следење на влијанието | |

..

## 1. ПРЕПОРАКИ ЗА ТЕСТИРАЊЕ

Фазата на тестирање ќе се фокусира на обезбедување структурирано, транспарентно и ефикасно вклучување на засегнатите страни, овозможувајќи прилагодувања за подобрување на одѕивот и одзивот. Интегрирањето на комплетот алатки во постојните проекти ќе овозможи навремено, релевантно и влијателно вклучување.

За да се постигне ова, процесите на вклучување на јавноста мора да бидат синхронизирани со клучните фази на проектот, осигурувајќи дека гласовите на заедницата влијаат врз клучните одлуки, наместо да бидат реактивни или симболични.

**Предложени процеси (на пр., ОВЖС, СОЖС или тековни проектни активности)**

Следните процеси се идентификувани како пилот-можности за подобрување на учеството на јавноста преку структурирана употреба на комплетот алатки за учество:

**Одржлив туризам – планинарски и велосипедски патеки во национални паркови**

Компонентата за реставрација на природните ресурси го поддржува Националниот парк Галичица во развивање патеки за пешачење и велосипедизам што ги поврзуваат Галичица и Пелистер. Оваа иницијатива претставува можност за воведување на структуриран ангажман, иако не постои законска обврска за учество на јавноста.

*Пристап кон јавна консултација:*

- Елаборати за заштита на животната средина ќе се изработат за трасите на велосипедските и планинарските патеки. Овие Елаборати може да бидат придружени со јавни консултации на доброволна основа.
- Со оглед на тоа што патеките поминуваат низ заштитени подрачја, се препорачува.вклучување на групи за зачувување на природата и локалните заедници во рана фаза од процесот.
- Добровилните консултации се оправдани со кумулативни ефекти врз животната средина од истовремена изградба на туристичка инфраструктура, особено кога проектите навлегуваат во територијата на национални паркови.
- Комплетот алатки ќе опфати изработка на обрасци за информирање, соопштенија за медиумите, воспоставување локални партнерства и дискусии во неформални средини во заедницата  за зголемување на видливоста и учеството.

*Тестирање на комплетот алатки:*

- Структурирани јавни форуми, ангажирање еколошки групи, туристички оператори и жители да разговараат за влијанијата врз животната средина од изградбата на планинарски и велосипедски патеки.
- Медиумските партнерства ќе обезбедат јасна порака околу важноста на зачувувањето на природата при развојот на туризмот.

По изборот на пилот-процесите, идејата за тестирање на туристички патеки за пешачење и велосипедизам беше отфрлена поради процедурални и суштински предизвици. Иако бил изработен Елаборат за заштита на животната средина од страна на УНДП за усвоените траси, општината појасни дека нема надлежност да ги одобри, бидејќи таквата надлежност е на Министерството за животна средина - особено за патеките во заштитените подрачја. Со оглед на фокусот на проектот на поддршка на процесите на локално ниво - а не на мешање во учеството на јавноста организирано

на национално ниво - беше одлучено дека ресурсите на проектот ќе бидат понудени само по експлицитно барање.

**Развој на туристички сместувачки капацитети**

Проект на ЕУ за Преспа кој вклучува грантова шема за изградба на одржливи туристички сместувачки капацитети, како на пример хостели, вили, реновирани селски куќи и колиби. Бидејќи Елаборати за заштита на животната средина се задолжителни, овој процес претставува можност за вклучување на граѓаните.

*Пристап кон јавна консултација:*

- Елаборатите за заштита на животната средина што ги придружуваат дизајните на објектите се можност за вклучување на јавноста, овозможувајќи доброволни консултации пред да се издадат градежни дозволи.
- Со оглед на тоа што патеките поминуваат низ заштитени подрачја, се препорачува.вклучување на групи за зачувување на природата и локалните заедници во рана фаза од процесот.
- Комплетот алатки ќе опфати изработка на обрасци за информирање, соопштенија за медиумите, воспоставување локални партнерства и дискусии во неформални средини во заедницата за зголемување на видливоста и учеството.

*Тестирање на комплет алатки:*

- Фазата на проектирање на сместувачките капацитети ќе биде придружувана од елаборати за заштита на животната средина, такашто за оцената на влијанието врз животната средина може да опфати труктурирани дискусии за локацијата, одржливоста и други влијанија.
- Комплетот алатки ќе се користи за најавување на комсултации, објавување соопштенија за медиумите, развивање методи за информирање и партнерства со локалните медиуми за да се максимизира ангажманот и транспарентноста.

Сепак, во подоцнежна фаза од процесот на проценка на потребите, беа идентификувани структурни ограничувања: од секој примател на грант се очекува самостојно да подготви проектна документација, вклучително и Елаборати за заштита на животната средина. Оваа поставеност ризикува фрагментирање на ресурсите на проектот низ повеќекратни, паралелни процеси на учество на јавноста. Следствено, беше одлучено да не се пилотира комплетот алатки за ЈП во оваа рамка. Сепак, ресурсите на проектот остануваат достапни за придонес по покана од општината.

**Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) – Општина Ресен**

Тековниот ЛЕАО за општина Ресен е истечен, со планирана ревизија во 2026 година. Ова претставува клучна можност за тестирање на комплетот алатки и воведување структуриран ангажман во процеси на планирање на управувањето со животната средина.

*Пристап кон јавна консултација:*

- Ревизијата на ЛЕАП мора да се усогласи со приоритетите на заедницата, осигурувајќи вклучување на граѓаните во дефинирањето на еколошките цели и приоритети.
- Комплетот алатки ќе овозможи структурирано собирање податоци од жителите, обезбедувајќи широко учество на засегнатите страни.

*Тестирање на комплет алатки:*

- Достапноста на информации од засегнатите страни ќе биде подобрено со користење на целни форуми, анкети и платформи за ангажман, осигурувајќи транспарентни и практични методи на учество.
- Комплетот алатки ќе се користи за собирање мислења на јавноста за приоритетите на секторите, распределбата на ресурсите и долгорочните стратегии за планирање на животната средина.

**План за управување со паркот Езерани и стратешка оцена на животната средина (СОЖС)**

Работилницата за валидација одржана на 3 јули 2025 година откри нова пилот-можност за тестирање на комплетот алатки: претстојниот процес за изработка на План за управување со Паркот на природата Езерани. Со оглед на тоа што и Планот за управување и неговата Стратегиска оцена на животната средина се уште се во фаза пред склучување договори, оваа иницијатива претставува навремена почетна точка за учество на јавноста во рана фаза.

Пристап за јавна консултација:

- Процесот на СОЖС бара структурирани консултации, нудејќи правно обврзувачка основа за ангажман поддржан од комплет алатки.
- Локалните заедници, експертите за заштита на природата и жителите на крајбрежјето имаат директен удел во резултатите од планот, што ја прави инклузивната информираност од суштинско значење.
- Користејќи го комплетот алатки, ангажманот ќе вклучува тематски форуми, работилници фокусирани на крајбрежјето и дисеминација на ажурирања за планирањето.

Тестирање на комплет алатки:

- Модуларниот формат ќе поддржува консултации прилагодени на фазите на планирање - пред изборот на изведувач и за време на изготвувањето на документите.
- Инпутот на засегнатите страни ќе ги обликува и приоритетите за управување и стратегиите за заштита на екосистемот.
- Алатките од комплетот алатки (анкети, обрасци за информирање на јавноста, формати за комуникација специфични за СОЖС) ќе бидат тестирани за да се обезбеди широко, транспарентно и одговорно учество.

**Чекори за примена на комплетот алатки во избраните иницијативи.**

Сега кога се идентификувани пилот-проекти, нареден чекор е синхронизирање на настаните за вклучување на јавноста со тековните општински и проектни активности. Ова бара:

- **Усогласување на ангажманот со временските рокови на проектот**– Настаните за учество на јавноста мора да бидат интегрирани во процесите, осигурувајќи дека ставовите на граѓаните влијаат врз донесувањето одлуки.
- **Структуриран процес на јавна расправа**– Процесот на СОЖС ќе се состои од неколку расправи, барајќи континуирано вклучување на засегнатите страни преку упатства, методи за информирање, обрасци и соопштенија за медиумите.

- **Општински и медиумски партнерства**– Зајакната соработка со локални медиуми и објави за јавните консултации и настани со помош на специфични комуникациски алатки.

Преку прилагодување на форматите за учество, синхронизирање на напорите за ангажман и искористување на структурирани алатки за информирање, комплетот алатки за јавно учество ќе биде систематски тестиран, осигурувајќи транспарентно, достапно и суштинско ангажирање во управувањето со животната средина.

Комплетот алатки за учество на јавноста претставува клучен придонес кон операционализација на принципите на Директивата на ЕУ за учество на јавноста и Директивата за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС). Со дизајнирање на партиципативни процеси кои се инклузивни, транспарентни и правно кохерентни, проектот ја поддржува општина Ресен во приближувањето кон целосно усогласување со барањата на ЕУ. Комплетот алатки не само што го зајакнува процедуралниот интегритет, туку и гради институционален капацитет за суштинско ангажирање - поставувајќи ја основата за долгорочно усогласување и демократско управување со животната средина.

**АНЕКСИ:**

**Анекс I Извештаи од интервјуата со засегнатите страни**

Пристап до извештаите од интервјуата со засегнатите страни:

https://drive.google.com/drive/folders/1-fbz5jljeMmNplјDAbmtx3Q9u9rJVLHR?usp=sharing

**Анекс II Список на учесници - интервјуа со засегнатите страни**

Пристап до листата на учесници:

https://drive.google.com/drive/folders/1Rjh75VM425gMDy-igHjYjCjQ1swzpuUv?usp=sharing

**Анекс III Извештај за SWOT работилницата**

Пристап до извештајот за SWOT анализа на работилницата:

https://drive.google.com/drive/folders/1ToM6MJ2-INhTBJEV9bvZe3m9y5C1MlvA?usp=sharing

**Анекс IV Список на учесници - SWOT работилница**

Пристап до листата на учесници – SWOT работилница:

https://drive.google.com/file/d/1vsLa94tTKgV3nDyTW2MEmEpGEzosdQuL/view?usp=sharing

**Анекс V Извештај од работилницата за валидација на проценката на потребите**

Пристапете до извештајот од работилницата за валидација на проценката на потребите:

https://drive.google.com/drive/folders/1Je8kKRk4fdRAfaNdHkS73M_NcVvCKYWe?usp=sharing

**Анекс VI Список на учесници - Извештај од работилницата за валидација на проценка на потребите**

Пристап до списокот на учесници – Извештај од работилницата за валидација на проценката на потребите:

https://drive.google.com/drive/folders/1Je8kKRk4fdRAfaNdHkS73M_NcVvCKYWe?usp=sharing